# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 17, година LIV
Вторник, 26.12.2023
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/1
26.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 60 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08, 52/09, 144/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на својата седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2024 година**

Со оваа програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од предходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2024 година.

**ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ на Јавното претпријатие за државни патишта на РМ**

| **Ред. број** | **Расходи** | **Буџет 2024** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на улици во зимски период | 10.927.946,40 |
| | **ВКУПНО:** | **10.927.946,40** |

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2024 година**

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2024 |
|---|---|---|---|
| 1. | 717112 | Надоместоци од комунална такси | 15.000.000,00 |
| 2. | 713311 | Данок на промет на недвижности | 7.073.811,00 |
| 3. | 741113 | Трансфери од буџетот на Агенцијата за државни патишта на РМ | 10.927.946,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **33.001.757,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2024 година**

| Ред. број | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ј60 | Агенција за државни патишта | 424320 | Одржување на улици и патишта во зимски услови | *10.927.946,00* |
| 2. | Ј60 | Основен буџет | 424320 | Одржување на улици и патишта во зимски услови | *4.299.296,00* |
| 3. | Ј60 | Основен буџет | 423990 | Други материјали за зимско одржување | *3.444.400,00* |
| | | | | **ВКУПНО I:** | **18.671.642,00** |
| | | | | | |
| 4. | Ј60 | Основен буџет | 424320 | Одржување на хоризонтална сигнализација | *7.000.000,00* |
| 5. | Ј60 | Основен буџет | 424440 | Одржување на вертикална сигнализација | *1.500.000,00* |
| 6. | Ј60 | Основен буџет | 424440 | Одржување на светлосна вертикална сигнализација | *1.800.000,00* |
| 7. | ЈФ0 | Основен буџет | 480190 | Купување на друга опрема-сообраќајни знаци, столбови и руга опрема | *2.540.000,00* |
| 8. | ЈФО | Основен буџет | 480190 | Купување на еластични столбчиња | *230.115,00* |
| 9. | ЈФО | Основен буџет | 480190 | Купување на метални столбчиња и синџир | *360.000,00* |
| 10. | ЈФ0 | Основен буџет | 480190 | Средства за смирување на сообракајот околу ОУ„Даме Груев“ | *400.000,00* |
| 11. | ЈФ0 | Основен буџет | 480190 | Делинеатори – монтажни рабници на ул.„В.Карангелески“ | *250.000,00* |
| 12. | ЈЛ0 | Основен буџет | 482940 | Надзор над изведбата | *250.000,00* |
| | | | | **ВКУПНО II:** | **14.330.115,00** |
| | | | | **ВКУПНО I +II:** | **33.001.757,00** |

Програма влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/3
21.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за недонесување на Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година**

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2024 година**

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за економски развој на Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за туризам на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за туризам на Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за туризам на Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за туризам на Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за образование на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за образование на Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за образование на Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за образование на Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за еднакви можности во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за еднакви можности во Општина Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026, Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за еднакви можности во Општина Битола за 2024 година

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Битола (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Битола за 2024 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2024 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026.

Општина Битола оваа Програма ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2024 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2024 година.

**ЦЕЛИ**

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Битола во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година се:

- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Битола и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Битола за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување
- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискриминацијата врз основа на пол (во согласност со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право
- зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење
- унапредување на заштита од насилство врз жени
- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени
- поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис
- Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на Владата на Р.Македонија;
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
- Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;
- Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции
- Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство
- Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Битола за подигнување на

свеста кај вработените за родовата еднаквост

- Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Битола.
- Вклучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство
- Отворање на советувалиште за жртви кои преживеале родово насилство, доделување на финансиски средства за домување на жени жртви во одреден период 6 до 12 месеци.
- Вклучување и информирање за можностите на невработени жени од Општина Битола во програмите и мерките на АВРСМ
- Економско јакнење на жените од Општина Битола со намалување на стапката на невработеност кај жените преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)
- Поттикнување на активните урбани заедници во Општина Битола во создавање услови за едукација на жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики

## ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

**Области на дејствување за реализација на активностите**

Општина Битола во соработка со КЕМ изработи Програма за еднакви можности 2024 година во следните области:

**1. Воведување на родов пристап во креирање јавни политики**

- обуки за родова интеграција на вработените и членовите на Советот на општина Битола
- унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од Советот
- воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите (особено на локално ниво) и училиштата
- унапредување на механизмите за следење на родово еднакви резултати
- редовно публикување и популаризација на активности и материјали за прашањата од родовата родова еднаквост
- поттикнување на урбани и месните заедници во општина Битола во создавање услови за едукација на жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики

**2. Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола**

- јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките
- подготовка и воведување на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во општина Битола
- интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Националната стратегијата за родово одговорно буџетирање и Стратегијата за родова еднаквост на општина Битола 2021-2026

**3. Родовата еднаквост и економското јакнење на жената**

- финансиска поддршка за жени претприемнички
- обуки за претприемништво

- дигитализација на микро - бизниси (услуги ) во сопственост на жени
- обуки каде во фокусот ќе бидат можностите за претприемништво и бизнис на руралната жена
- климатските промени и влијаните врз земјоделието / заштита на животната средина
- родова сензибилизација преку обуки на сопственички/ци и менаџерки/и на мали и средни претпријатија во општина Битола за важноста и димензиите на родовата еднаквост

**4. Родова еднаквост во областа образование**

- анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта
- премостување на родовиот јаз во технички науки
- спроведување обука со ученици од средните училишта и педагошко - психолошките служби за зајакнување на капацитетите во однос на препознавање, но и за подигнување на свеста на родово базирано насилство

**5. Родова еднаквост во областа култура**

- промоција на родова рамноправност - одбележување на меѓународниот ден на женските права 8 март
- организирање хибридни култури настани од жени уметнички

**6. Родова еднаквост во областа здравство**

- кампањи и работилници за важноста на репродуктивно здравје
- мамографски прегледи и кампања за нивната важност

**7. Родова еднаквост во областа социјална заштита, семејно и родово базирано насилство и трговија со луѓе**

- родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината
- подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени
- психосоцијално советувалиште и групи за поддршка (осаменост, насилство и сл.) - во партнерство со ГО
- едукативни работилници за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе
- активности, насочени кон подигнување на свеста за основните човекови права, промовирање на женските права и родовата еднаквост, препознавање на дискриминација
- специјализирано советувалиште за поддршка на лица кои преживеале насилство
- домување на жртви на семејно насилство
- анализа на состојба на родово базирано и семејно насилство

**8. Родова еднаквост во областа спорт**

- поддршка на женски клубови/здруженија
- еднократна парична награда за женски спортски клубови и жени и девојчиња со со постигнати индивидуални спортски резултати
- Поддршка на женски училишен спорт

**9. Родова еднаквост во медиумите**

Родовата еднаквост и еднаквите можности во медиумите претставуваат моќна цел, зашто медиумите учествуваат во обликувањето на нашата заедница, преку креирањето јавно мислење со содржините кои и ги презентираат на публиката. Медиумите можат да бидат инструмент за промена во напорот на унапредување на родовата еднаквост, како што и спротивно, можат да придонесат во одржување на постојната состојба, детектирана со фактите: мажите се на позициите на кои се донесуваат одлуките, а жените се исклучени и обессилени. Според некои истражувања, спроведени во Западен Балкан потврдено е присуство на родова нееднаквост и различни видови невидливост на жените. Тоа натаму, ги обликува структурата, политиката, процесите, системите за поддршка и застапеност во секторот на медиумите, што резултира со несоодветно препознавање на конкретните потреби и интереси на жените и мажите. Затоа, потребно е да се отпочне со определен број трансформативни активности за затворање на постојните јазови и унапредување на постојните родови односи - релации, а со надеж дека ќе

ја поттикнеме трансформацијата на вкоренетата нееднаквост во еднаквост.

- организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жените жртви на семејно насилство за самовработување
- кампања за подеднаква поделба на работата во домот
- кампања за важноста на родовата еднаквост и создавањето еднакви можности за жените и мажите, како можност за подобрување на вкупниот квалитет на животот во заедницата (препознаваме дека еднаквост е важна не само како дел од јавни политики, туку и сама по себе.

**10. Родовата еднаквост во областа на меѓународна и регионална соработка**

- воспоставување меѓуопштинската регионална соработка, размена на искуства и добри практики (соработка на локалните КЕМ во Пелагонискиот плански регион)
- воспоставување меѓународна соработка - конференции, семинари, обуки, курсеви, студиски посети

Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола е насочена кон остварување на визијата Битола да стане место на еднакви можности за мажите и жените во севкупното општествено живеење.

Општина Битола ќе ја влучи родовата перспектива во своите образовни, здравствени, социјални, локално-економски, комунални, и секаков друг вид на програми и услуги преку родово-сензитивно унапредување на постапките за јавни набавки, родово одговорно буџетирање и следење на спроведувањето на програмите и услугите со цел унапредување на родовата еднаквост во општината.

**Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 2.200.000,00 ден учество на Општина Битола**

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2024

| Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука за родова интеграција и креирање граѓански родово одговорен буџет | Сектор за финансии Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ UN Women | Обука за родова интеграција и составување граѓански родово одговорен буџет | Подобрување на механизмот за следење на родово еднакви резултати, преку примена на родово одговорни индикатори | 2024 | Нема финансиски импликации | Родово одговорен граѓански буџет |
| Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати | КЕМ, координаторка UN Women | Унапредување на перформанс индикатори и динамика на нивно следење, воведување родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување Обука за родово одговорни индикатори | Подобрување на механизмот за следење на родово еднакви резултати преку систем за следење на успех преку родови индикатори | 2024 | Нема финансиски импликации | Листа на усвоени перформанс - индикатори формулари (родово сензитивни) Одржана работилница, број на учесници на работилницата **разделен по пол** |
| Родово одговорни мерки | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ, КЕМ, координторка UN Women | Пилот родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, ЛЕР, животна средина, спорт и млади, култура, комунални дејности, урбанизам) | Поголемо учество на жените | 2024 | Нема финансиски импликации | Број на родово одговорни мерки кои се воведени во програми |
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници - UN Women, NDI | КЕМ, Совет, Градоначалник, раководители општина, носители на локални функции | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Родово одговорни годишни програми | 2024 | Нема финансиски импликации | Број на работилници Број на учесници разделен по пол |
| Промоција на родова еднаквост | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ КЕМ, НВО | Интернет страна (женска, за женски прашања) | Унапредена свест за родова еднаквост | 2024 | 120. 000, 00 | Број на објави, посети, следбеници |
| Ефективно учество на во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ, о.Битола, ГО, УЗ, МЗ | Анализа на податоци за застапеноста на жените на одлучувачки позиции на локално ниво | Зголемување на учеството на жените до донесувањето одлуки и пристапот до ресурси во о.Битола | 2024 | | Објавена публикација |
| Економско јакнење | КЕМ, о.Битола, Интерсекторска група, ГО, Деловна заедница, Регионална стопанска комора, Совет на | Јавен повик за поддршка на жени претприемнички | Поддршка на жени претприеnички на локално ниво | 2024 | 250.000,00 | Зголемен број локални бизниси водени од жени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | жени претприемнички, Клуб на жени претприемнички | | | | | |
| Економско јакнење | КЕМ, о.Битола, Интерсекторска група, ГО, Деловна заедница, Регионална стопанска комора, Совет на жени претприемнички, Клуб на жени претприемнички | Обуки за претприемништво | Поддршка на жени - претприемнички на локално ниво | 2024 | Нема финансиски импликации | Зголемен број локални бизниси водени од жени |
| Дигитализација на микро - бизниси (услуги ) во сопственост на жени | КЕМ<br>ГО, | Ангажирање на лице кое ќе подготви веб - платформа, преку јавен повик<br>Повик до микро бизниси управувани од жени да земат учество во платформа | Создадена платформа за закажување термин (фризер/козметика, достава на зеленчук/овошје, лекови) | 2024 | 120 000, 00 | Број на бизниси вклучени во платформата |
| Подигнување на свеста на руралната жена, зајакнување на економската положба на жената во рурални подрачја | КЕМ, о.Битола, Интерсекторска група, ГО, Деловна заедница, Регионална стопанска комора, Совет на жени претприемнички, Клуб на жени претприемнички | Обележување на 15 октомври - светскиот ден на руралната жена | економско јакнење на руралната жена | 2024 | **15.000, 00 ден** | одржан настан,<br>број на присутни |
| Климатските промени и влијанието врз земјоделието | КЕМ<br>МТСП | Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | Навремено спречување и заштита на земјоделските површини од климатски промени | 2024 | 15..000,00 ден | Број на реализирани обуки<br>Број на учесници разделен по пол |
| Родова сензибилизација на деловната заедница - мажи и жени | КЕМ, о.Битола, Интерсекторска група, ГО, Деловна заедница, Регионална стопанска комора, Совет на жени претприемнички, Клуб на жени претприемнички | Обука за родовата еднаквост и женското претприемништво | Сензибилизирана деловна заедница, подобри услови за женско претприемништво | 2024 | Нема финансиски импликации | Одржана обука, број на присутни мажи и жени |
| Поттикнување на вклучување на жените во УЗ и МЗ во општина Битола | КЕМ,о.Битола - Интерсекторска група | Работни средби, обуки | Развивање родово одговорни урбани и месни јавни политики | 2024 | Нема финансиски импликации | Број одржани средби, изготвени записници, документи, формулари |
| Анализа на помалиот опфат на девојчиња во образованието | КЕМ, ГО | Анкета, анализа | Поттикнување на девојчињата во образованието | 2024 | 150. 000,00 | Спроведена анкета, изработена и публикувана анализа, со |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | предлог акциски план за подобрување на состојбите |
| Премостување на родовиот јаз во техничките науки | КЕМ, ГО | Студија, презентирање на индивидуални добри примери | Што повеќе број студентки на техничките факултети | 2024 | 50. 000,00 | Изработена студија, публикувана |
| Обуки за родово базирано насилство кај средношколците | КЕМ, ГО, педагошко – психолошки служби во средните училишта | Обуки со средношколци | Зголемени капацитети за препознавање на смеејното и родово базираното насилство | 2024 | Проект РИЛОД ЗГ ИМКА | Спроведени обуки, број на учесници разделен по пол |
| Одбележување на 8 март | КЕМ | | Промоција на родовата еднаквост | 2024 | 30. 000,00 | Настан, извештаи медиуми |
| Ликовна изложба - жената во фокусот | КЕМ | Изложени ликовни дела | Промоција на родовата еднаквост во културата преку конкретен настан | 2024 | Нема финансиски импликации | Настан, извештаи медиуми |
| Кампањи и работилници за важноста на репродуктивното здравје | КЕМ, ГО | Кампања, работилница | Интернет кампања, работилница | 2024 | **30.000,00** | спроведена интернет кампања, одржана работилница, број на опфатени учесници со работилницата |
| Мамографски прегледи и нивната важност | КЕМ, Клиничка болница Битола | Мамографски прегледи | Интернет кампања | 2024 | Нема финансиски импликации | спроведена интернет кампања, број на реализирани мамографски прегледи |
| Подобрување на квалитетот на животот на возрасните жени и мажи | КЕМ, Црвен Крст, ГО | акции во согласност со потребите на корисниците | Спроведени активности | 2024 | Програма социјала | Број и вид реализирани активности, број на опфатени корисници |
| | | | | | | |
| Регионален советодавен центар за жртви на семејно и родово базирано насилство | КЕМ, Национална мрежа, ГО | Зголемен пристап до специјализирани услуги на жртвите на семејно и родово базирано насилство | Психосоцијална, поддршка, правна помош, совети за економско јакнење | 2024 | 1 000 000,00 | број на опфатени корисници |
| Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина | Финансиска поддршка од 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци. Наменета за жртви на семејно насилство кои | 2024 | 250,000.00 | Број на лица кои користат фин поддршка за домување, доставени договори за закуп на живеалиште |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ја напуштиле насилната средина.<br>- го пријавиле насилството во центарот за социјална работа;<br>- немаат живеалиште на свое име во кое имаат услов и можност да престојуваат и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или;<br>- не можат да обезбедат домување кај примарното или поширокото семејство;<br>- не се во ризик од идно насилство и/или,<br>- биле сметени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не можат да обезбедат сопствено живеалиште; | | | |
| Поддршка на женски клубови/ здруженија кои се натреваруваат во највисоките првенствени лиги од колективните спортови | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Идентификација на клубовите Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | Промоција на женскиот спорт, намалување на родови стереотипи | 2024 | Програма за спорт и млади | Број на клубови кои добиле поддршка |
| Поддршка на женски училишен спорт | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначални | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на женски ученици од пониските одделенија и класови. | сновна цел е да се унапреди женскиот училишниот спорт со зголемување на бројот на жени ученици во спортските активности и системот на натпревари. | 2024 | 200.000,00 ден | Број на девојчиња/ученички кои добиле поддршка |
| Еднократна парична награда за постигнати индивидуални спортски резултати на жени и девојчиња | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Идентификација на индивидуалните резултати, Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | Промоција на женскиот спорт, намалување на родови стереотипи | 2024 | Програма за спорт и млади | Број жени и девојчиња кои добиле поддршка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Медиумска акција за важноста на родовата еднаквост и создавањето еднакви можности за жените и мажите | КЕМ, медиуми, новинари | Кампања за јакнење на самодовербата на жените жртви на семејно насилство за самовработување кампања за подеднаква поделба на работата во домот кампања за важноста на родовата еднаквост и создавањето еднакви можности за жените и мажите, како можност за подобрување на вкупниот квалитет на животот во заедницата | Искреиран медиумски родово одговорен јазик (работа врз менторски принцип) | 2024 | | Родово одговорни медиуми, актуелно прашањето на родовата еднаквост во медиумите |
| Воспоставување меѓуопштинска регионална соработка, размена на искуста и добри практики | КЕМ општина Битола и КЕМ на општините во регионот | Вмрежување, соработка, работилници | Унапредување на работата на КЕМ во општините во Пелагонискиот плански регион, а со тоа и на условите за унапредување на родовата еднаквост во регионот | 2024 | Нема финансиски импликации | Потпишани меморандуми, одржани работни средби, работилници |
| Воспоставување меѓународна соработка | КЕМ општина Битола, UN Women, NDI, UNDP, Меѓународни фондации и организации | Конференции, семинари, обуки, студиски престои | Разменети искуства и добри практики | 2024 | Нема финансиски импликации | Потпишани меморандуми, одржани работни средби, работилници, реализирани студиски посети, применети добри практики |

| **Реден број** | | **Датум на реализација** | **Институција** | **ставка** | **\|Износ (Денари)\|** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | реализација на проекти за ЕМ / советовалиште за ЖСМ | 2024 | ЗГ | 463110 | 1.500.000 ден. |
| 2 | Поддршка на женско претприемништво | 2024 | Физички лица | 464990 | 250.000 ден |
| 3 | Домување жртви семејно | 2024 | Физички лица | 464990 | 250.000 ден. |
| 4. | Женски училишен спорт | 2024 | ЗГ | 463110 | 200.000 ден |
| | Вкупно: | | | | 2.200.000 ден |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за недонесување на Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година**

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за култура во Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за култура во Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за недонесување на Програма за култура во Општина Битола за 2024 година**

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за култура во Општина Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/10
26.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

### ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина Битола што од своја страна вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиштето на долготраен и краткотраерн закуп и размена на земјиштето.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Битола ги третира територините односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за Градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

Согласно Одлука за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Битола на Владата на Република Македонија бр.51-5137/1 од 28.09.2011 год. Општина Битола од 2011 ги врши работите на располагањето со градежното земјиште остварува промет со градежното земјиште и приходи по тој основ.

### Просторен опфат

Со ова Програма се дефинира менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Битола дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2024 година.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територите на:

- **ДУП за „АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3” - Битола** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр 07-1791/3 од 06.09.2011г
- **Урбанистички План вон Населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“ општина Битола-измени и дополнувања** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр.07-831/23 од 28.04.2011г
- **ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел“ измени и дополнувања Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-238/7 од 29.03.2000г.
- **ДУП за „дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с. Новаци Блок 1“ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-15/21 од 04.07.2012г.

- **ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-3289/3 од 16 11.2009г
- **ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-299/21 од 16. 02.2012г
- **Урбанистички План Вон Населено Место за „Туристичка населба Нижеполе м.в. Чакал општина Битола"** донесен со Одлука на Совет на општина Битола
- **Урбанистички План Вон Населено Место за „изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола"** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-2699/14 од 23.12.2010г.
- **Урбанистички План Вон Населено Место за „комерцијални и деловни намени Граничен премин Меџитлија КО Породин" Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-1221/14 од 30.06.2010г.
- **ДУП за „Буковски ливади II дел измени и дополнувања"** донесен со Одлука на Совет на општина Битола од 30.09.1988 год.
- **Поединечни нереализирани градежни парцели сопственост на Република Северна Македонија што се во опфат на детални урбанистички планови на територија на општина Битола**

**Законски основ за изработка на Програмата**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РСМ 5/2002), Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/2019), чл.70 од Статутот на Општина Битола (Сл.гласник на Општина Битола бр. 10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп.

- ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола
- Урбанистички План вон населено место Јужна Индустриска Зона ЖАБЕНИ измени и дополнувања општина Битола
- ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола
- ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола - с.Новаци Блок 1 Битола
- ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола
- ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад" Блок 1 Битола
- „Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Нижеполе" м.в. Чакал општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП. бр. 558/1 КО Лисолај општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија„ КО Породин Битола

Земјиштето во сопственост на Република Северна Македонија ќе се продава по цени утврдени во Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп што важат на денот на продажбата.

**Цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а со тоа и да придонесат за развојот на општина Битола на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

**Динамика на реализацијата на Програмата**

Програмата за 2024 година се планира да се реализира во два турнуси

Првиот турнус би го опфатил првото шестомесечије на 2024 год. и би ги опфатил парцелите за отуѓување по пат на јавно надавање од оваа Програма.

Вториот турнус би го опфатил второто шестомесечије на 2024 год.

Постапки за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија започнати по Програма од 2022 година ке продолжат во наредната година и ке бидат прикажани во извештајот за реализирани средства по основ отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија во 2024 година

**Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија составена од седум лица од кои пет се со овластување за располагање со градежното земјиште.

**Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата**

Се очекува прилив на средства по оваа програма

- од продажба на парцели за индивидуално домување А1
- од продажба на парцели за домување во стамбени згради А2
- од продажба на парцели за групно домување А3
- од продажба на парцели за трговски центри Б1,Б2
- од продажба на парцели за државни институции В4
- од продажба на парцели за хотелски комлекс Б5
- од продажба парцели за образование и култура В1, В3
- од продажба на парцели за производство, дистрибуција и сервиси Г 2,3,4

**Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Потребни средства за реализација на програмата односно само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање изнесува:

**600.000,00 ден**

**Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/12
21.12.2023 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, донесен на седницата

на Советот на Општината Битола одржана на 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

**ВОВЕД**

Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработување и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23).

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се урбанистичките планови од член 10 став 1 точка 1, 2 ,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)

Во Годишната програма влегуваат и урбанистичките проекти со кои за прв пат се врши урбанизација на просторот, односно урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23).

Во Годишната програма влегуваат и урбанистичките проекти со план за препарцелација по член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20 и

111/23) а со кои во синхрона постапка се врши промена на урбанистичките планови од член 10 став 1 точка 2,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23).

По исклучок на погоренаведеното во Годишната програма можат да бидат вметнати и други урбанистички проекти од член 58 став (2) точка 2,3,4 и 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23).

**ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА ПРОГРАМАТА**

1. Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) и
2. Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002)

**ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Цел на Програмата е да се овозможи ефикасно спроведување на политиката на планирање и уредување на просторот на територија на Општина Битола и создавање на услови за рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на Општина Битола.

**ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ**

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
- **ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП) ЗА ГРАД БИТОЛА** (со површина на плански опфат од приближно 2245ха)
- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

Согласно чл. 14 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ Бр. 32/20 и 111/23) донесувачот на планот со Планската програма ќе го одреди соодвениот вид на урбанистички план за село.

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 10 став 1 точка 2 ,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)
- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти** (Сл.Весник на РМ 23/11, 53/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 )
- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство** (Сл. весник на РМ бр. 169/15)
- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ**
  - ИЗРАБОТКА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ
  - ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
  - ИЗРАБОТКА НА АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ
  - ИЗРАБОТКА НА СТРУЧНИ РЕВИЗИИ
  - ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ОЦЕНКИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
  - ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ, СТУДИИ, ПРОЕКТИ И ДОКУМЕНТАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ЗАВРШУВАЊЕ НА ОТПОЧНАТИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО – ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1. **ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП)**
   - **1.1.** Изменување и дополнување на ГУП на град Битола за приближно 26 ха. во границите на:
     - Четврт Исток 02-Блок И 02.04 и Блок И.02.05
     - Четврт Исток 05-Блок И 05.04 и Блок И 05.05

2. **ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ (ДУП)**
   - **2.1.** ДУП за Четврт ЈУГ 2, Блок Ј.02.05 – Општина Битола

**2.2.** ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп - Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 13 Блок И.13.01)

**2.3.** ДУП за ССЗ Триаголник Блок 2 – Општина Битола (ДУП за Четврт Север 6 за дел од Блок С.06.01)

**2.4.** ДУП за Четврт „Монопол„ Блок 1 и 2 – Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 1 за дел од Блок И.01.01)

**2.5.** ДУП за Брусничко Лавчански Реон 2 дел Блок 1 (ДУП за Четврт Запад 13 за дел од Блок З.13.05) – Општина Битола

**2.6.** ДУП за дел од Работна зона северно од патот Битола с Новаци Блок 2–Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 2, Блок И.02.06)

**2.7.** ДУП за Работна зона м.в. „ХЕРАКЛЕА“ - Општина Битола (ДУП за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08)

**2.8.** ДУП за Блок Стар Прогрес – Општина Битола (ДУП за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.09)

**2.9.** ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола с. Новаци – Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 4 Блок И.04.01)

**2.10.** ДУП за Станбена заедница 4 и 2 Урбан Блок 1 – Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 8 за дел од Блок З.08.02)

**2.11.** ДУП за Довлеџик Блок 3 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 2, Блок З.02.04)

**2.12.** ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.1 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3, Блок З.03.03)

**2.13.** ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3, Блок З.03.02)

**2.14.** ДУП за Урбанистичка единица бр. 5 Блок 2 – Општина Битола, (ДУП за Четврт Запад 9 за дел од Блок З.09.01)

**2.15.** ДУП за Четврт Исток 9 Блок И.09.01 - Општина Битола

**2.16.** ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.03 - Општина Битола

**2.17.** ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.05 - Општина Битола

**2.18.** ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 - Општина Битола

**2.19.** ДУП за Четврт Север 8 Блок С.08.03 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

**2.20.** ДУП за Четврт Север 9 Блок С.09.03 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

**2.21.** ДУП за Четврт Север 8 Блок С.08.04 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

Иницијативи на Општина Битола

**2.22.** ДУП за Четврт Центар 4 (Урбан комплекс Широк Сокак, Блок Ц.04.01, Ц.04.02, Ц.04.04, Ц.04.069, Ц.04.07, Ц.04.08 (вкупна површина од приближно 25.52 ха.)

**2.23.** ДУП за Четврт Центар 2 (Урбан комплекс Стара чаршија) Блок Ц.02.01, Ц.02.02, Ц.02.03, Ц.02.04, Ц.02.05, (вкупна површина од приближно 17.42 ха.)

**2.24.** ДУП за АРМ Четврт 2 Блок Ј.03.02 (П=36,74 ха.)

**2.25.** ДУП за Четврт Запад 8 Блок З.08.01 (П=15,57 ха)

**2.26.** ДУП за Четврт Запад 6 Блок З.06.02 (П=8,46 ха)

**2.27.** ДУП за Четврт Запад 6 Блок З.06.03 ха (П=5,03 ха)

**3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)**

**3.1.** УПВНМ за м.в. Мера КО Дихово – Општина Битола

**3.2.** УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Е2-фотоволтаични ЕЛЕКТРАНИ НА КП. 318/1, 318/2, 319, 326, 330, 331, 334/1, 334/2 и дел од КП3591 м.в. „Брзо кај чешма“ - КО. Лисолај Општина Битола

**3.3.** УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП Бр. 1314, КП Бр. 1318, КП Бр. 1319/1, КП Бр. 1320/2 и КП Бр. 1324/3 КО Крклино м.в. Таирови лозја - Општина Битола

**4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)**

**4.1.** ЛУПД за изградба на објекти со намена А1 на КП Бр. 18052/1, 18053 и 18054 КО Битола – Општина Битола
**4.2.** ЛУПД за изградба на објекти со намена Д3 (спорт и рекреација) на КП Бр. 301/2 и КП Бр. 302/1 КО Дихово – Општина Битола
**4.3.** ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена В2-прифатилиште за кучиња скитници на дел од КП Бр. 25/1 КО Битола 5 - Општина Битола
**4.4.** ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 568 КО Нижеполе – Општина Битола

**5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

Инивијативи на Општина Битола

**5.1.** УП за село ДИХОВО - Договор бр. 16-1560/7 – АФПЗРР
**5.2.** УП за село Бистрица
**5.3.** УП за село Кажани
**5.4.** УП за село Кукуречани
**5.5.** УП за село Цапари
**5.6.** УП за село Трново
**5.7.** УП за село Магарево
**5.8.** УП за село Кравари
**5.9.** УП за село Логоварди
**5.10.** УП за село Поешево
**5.11.** УП за село Раштани
**5.12.** УП за село Крклино

**6. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

6.1. УП за објекти за времено домување А4, КП 808, 809 и 792, м.в.Мала Корија, КО Ротино,
6.2. УП за изградба на инфраструктура за пристапен пат од патот за с.Лисолај до Т-крстосница на приклучокот на КП 376 КО Лисолај,
6.3. УП за изградба на хотелски комплекс на КП 98 КО Брусник,
6.4. УП вон опфат на урбанистички план за изградба фотоволтаична централа на КП 778 КО Логоварди,
6.5. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн,
6.6. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е.1.13 на КП 262, КО Црновец;
6.7. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е.1.13 на КП 751/1 и КП 751/2, КО Раштани;
6.8. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4kV надземен вод низ КП 636, КО Канино;
6.9. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4kV кабелски вод на пат за с.Цапари низ КП 3188, КП 116/1, КП 116/4, КП 3185 КО Цапари-вон-град, КП 1057, КП 1018 КО Ротино.
6.10. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, КП 236/1, КО Буково
6.11. УП за изградба на нови 0,4kV кабелски изводи, нов 10 (20)kV кабелски вод низ КО Крклино (Општина Битола) и изградба на нова КБТС Крклино 2 10 (20)kV; 800kVA;
6.12. УП за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаичи електрани на КП 111, КО Горно Оризари, Општина Битола;
6.13. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3- викенд куќи на КП 2100 КО Крклино, Општина Битола;
6.14. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 фотоволтаична електрана на КП 287, КО Битола 5, Општина Битола;
6.15. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна

парцела со намена А4.6- кампови со бунгалови на К.П. 602/1, КО Братин Дол, Општина Битола;

6.16. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3-семејни куќи за времен престој на КП 1670/1, КО Лавци, Општина Битола

6.17. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Е1.13 на КП 446, КО Братиндол, Општина Битола

6.18. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Е1.13 на КП 263/7, КО Кравари, Општина Битола

6.19. УП за линиска инфраструктурна градба за водоводна инфраструктура во населба „Воденици“, Буковски ливади, Битола (КО Битола 1/2, Буково, Крстоар), Општина Битола

6.20. УП за линиска инфраструктурна градба – сообрќајна и комунална инфраструктура на потег Горно Оризари - село Крклино, Општина Битола

6.21. УП вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - нови 10(20) кВ кабелски изводи низ (КО Цапари - вон град), Општина Битола и нова БСТС 10(20)/0,4кВ, 50кВА, Општина Битола;

6.22. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена: А4.3(Семејни куќи за времен престој - викенд куќи), на КП 529 м.в. Старо Лавци, КО Лавци, Општина Битола;

6.23. УП вон опфат на урбанистички план за фомирање на градежна парцела со основна намена Б5.1-хотелски комплекси на КТ 515/1 и КП515/2, КО Магарево, Општина Битола;

6.24. УП вон опфат на урбанистички план за нов 0,4 kV кабелски вод низ село Трново на КП 316 КО Трново и КП 321, КО Трново -вон град, Општина Битола и поставување на нови кабелски разводни ормари и нов мерен разводен ормар;

6.25. Урбанистички проект за инфраструктура, 10(20)кВ кабелски вод КО Горно Оризари, Општина Битола;

6.26. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на облект со намена А4.3, КП 560, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.27. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на обект со намена А4.3, КП 561, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.28. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 189/4 КО Брусник, Општина Битола;

6.29. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10кV инфраструктурен вод низ КП 9/1, КП9/2 и др., КО Логоварди, Општина Битола;

6.30. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4.1 - згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 155, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.31. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 570/6 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.32. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 570/5 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.33. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4кВ кабелски вод низ КП бр.2690/1, КП бр.5384/1, КП бр. 5392, КП бр.2544/1 (КО Кукуречани) – Општина Битола и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А;

6.34. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи на дел од КП 570/1 и КП 570/2 КО Нижеполе, Општина Битола
6.35. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.1 - хостел на дел од КП 570/1 КО Нижеполе, Општина Битола;
6.36. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13- фотоволтаични електрани до 8MW (кои се поставуваат на земја) на КП 885, КП 893, КП 894 и др. КО Братиндол, Општина Битола;

## 7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СО ПЛАН ЗА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА

**7.1.** УП со план за препарцелација за спојување на две градежни парцели ГП 6 и 6.1 на КП 16792 КО Битола 3, Општина Битола;
**7.2.** УП со план за парцелација на ГП 26 од ДУП за дел од работна зона фрижидери Битола, Општина Битола;
**7.3.** УП со план за препарцелација спојување на градежните парцели ГП 51, 52, 53, 71, 72, 73 согласно УПВНМ за Јужна индустриска зона – Жабени (Одлука бр.07-2177/33 од 28.09/2011 год.), Општина Битола;
**7.4.** УП со план за препарцелација на дел од КП 6335 и КП 6335 КО Битола 3, согласно ДУП за Урбанистичка единица бр.5 (Одлука бр.08-58/98), Општина Битола;
**7.5.** УП со план за парцелација за градежна парцела на КП 7148 КО Битола 4 со намена индивидуални станбени градби, согласно ДУП за Станбена заедница – Девеани, Битола, (Одлука бр.08-52/1 од 22.10.1993), Општина Битола;

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно Член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) се врши од средства на:

- **БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА, согласно ПРОГРАМА Ф1- урбанистичко планирање - Вкупно: 6.720.000,00 денари**
- **Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината**
- **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
- **Донации**

**Финансирањето се однесува на:**

- Изработка на урбанистички планови
- Изработка на урбанистички планови со кои ќе се врши вклопување на бесправните градби согласно Закон за постапување со бесправно изградените објекти
- Изработка на урбанистички планови согласно Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење
- Изработка на Стручни ревизии
- Изработка на Услови за планирање на просторот
- Изработка на Заштитно-конзерваторски основи
- Изработка на стратешки оценки за влијанието врз животната средина
- Изработка на елаборати, студии, стручни елаборати, јавни конкурси, проекти и документации во функција на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови - мерки за справување со отпад, климатски промени, заштита на природа, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, мерки за заштита од разурнување, за озеленување и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето

- Организација на Јавни повици, Јавни презентации, стручни расправи и Јавни анкети во постапката за донесување на урбанистички планови и урбанистичко плански документации и Стратешки оценки-објава во медиуми, стручни комисии...
- Надоместок на членови за учество во работата на работните тела согласно член 38, став 13 од Законот за УП (Сл.Весник на РМ бр.32/20 I ) и други работни тела и комисии

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Во текот на годината, во зависност од стратегијата на Општина Битола и доставените иницијативи, Годишната Програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност од Советот на Општина Битола
- Реализацијата на Програмата ќе биде согласно законската регулатива, потпишаните договори и согласно со поднесените иницијативи и приливот на средства, наведени во предходниот дел
- Подносителите на иницијативи за изработка на урбанистички проекти е потребно да ги превземат обврските поврзани со трошоците за планирање и реализација на инфраструктурата
- Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 68 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), и/или Јавна установа за урбанизам, согласно со чл. 72 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)
- За реализација на оваа Програма се задолжени: Градоначалник на Општина Битола, Совет на Општина Битола, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Советот на Општина Битола, Комисијата за урбанизам на Општина Битола формирана од Градоначалникот на Општина Битола, согласно чл. 38 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина и Одделението за спроведување на урбанистички планови на Општина Битола
- Годишната Програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страна на Општина Битола
- Составен дел на Годишната Програма е Анализата на степен и начин на спроведување и реализација на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Битола
- Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-160/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот

на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

**Вовед**

Во Програмата за хуман третман на бездомни кучиња на Општина Битола детално го обработува моделот на менаџирање и решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку воспоставување на систем за контрола на популација на кучиња согласно Законот за ветеринарно здравство (Сл.весник на РМ. бр. 123/15, 154/15 и 53/16), Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник на РСМ, бр. 44 од 23.02.2021 година).

Во програмата за хуман третман се утврдуваат активностите кои ќе се спроведуваат на територија на Општина Битола кои се базираат врз националната законска рамка со голем осврт на активности кои ќе се воспостават за поттикнување на одговорно сопствеништво кон домашните миленици.

Програмата е изработена врз основа на методот **„залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“** а целта е во примената на методата да бидат вклучени сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-12 месеци. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

1. **Основни цели на програмата**

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободно да се движат без присуство на сопственикот на јавна површина;

2) Зголемување на јавната свест преку адаптирање на информација и едукација за различни категории на граѓани, со цел на најсодветен начин според категоријата на која припаѓаат да им се претстави состојбата и начинот на решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку медиумска активност, и различни организирани активности насочени кон зголемување на јавната свест со цел да се спречи изворот на нови единки на улица кои потекнуваат од домашните кучиња.

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на улични кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

*Образложение:*

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, идентификацијата, регистрацијата, вдомувањето или повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност на уличната популација на кучињата. Се превенираат несакани легла на нови кучиња, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат значително. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави, и се воспоставува контрола на теренот. Обележаните кучиња се познати на населението, ушната маркичка влева доверба кај граѓаните за здраво прегледано и третирано куче и овие кучиња имаат поголеми шанси да се вдомат. Кучињата вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственештво и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови, стерилизирај, вакцинирај и врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската здравствена организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација/кастрација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување чипирање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, неселектирано казнување за неодговорните сопственици).

**3. Методи на работа**

1) „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ целта е методата да биде применета од страна на сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола, всушност оваа метода означува хуман третман на животните во кој е вклучено: заловување, ветеринарен преглед, тестирање за зоонози согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство (Лајшманиоза–акредитирана метода) стерилизација/кастрација, вакцинација, чипирање, обележување со ушна маркичка, третман за внатрешни и

надворешни паразити, спроведување на тест за социјализација на куче, отворена можност за вдомување според пропишана законска рамка, по што животните се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. При строго утврдени состојби согласно со закон може да се примени и евтаназија, при исцрпеност на сите предвидени можности за лекување, згрижување и вдомување на овие животни.

Според Програмата, освен бездомни ќе се заловуваат регистрирани и нерегистрирани кучиња на јавни површини, без сопственик. Во согласност со закон, заловувањето на регистрирани кучиња на јавни површини и сите трошоци што ќе произлезат од ваквите дејства е на сметка на сопственикот на кучето.

Оваа метода на работа во овој момент е признаена од сите релевантни светски институции и се применува во земјите каде што има пораст на популацијата.

2). Втор метод на работа е зголемување на јавната свест.Општината ќе делува во насока за едукации предвидени за јавноста со цел зголемување на јавната свест за бездомните животни, преку едукативни настани, надворешни активности во соработка со средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина, здруженијата и донатори.

**4. План за работа**

Општина Битола ќе работи со цел контрола на проблемот со бездомните кучиња до отворање на Прифатилиштето кое ќе биде база за решавање на проблемот.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Во 2023 година Општина Битола спроведе проценка на популацијата на кучињата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните како и по препораките на WOAH (World organization for Animal Health), и по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) според ова броење и мапирање на кучињата се заклучи дека во Град Битола има околу 750 улични кучиња, а во рамки на целата Општина Битола околу 1100 кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 31%.

Приоритет и таргет на стерилизација се репродуктивно способните женки. Мониторингот на состојбата се се спроведува по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) на полугодишен период или на квартален во зависност од расположивите на финансиски средства и човечки ресурси.

Престојот на кучињата е планиран во прифатилиште во кое ќе подлежат на хуман третман не подолг од 30 дена. Заловувањето на кучиња ќе биде на територијата на Општина Битола. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болници, гробишта, шеталиште, плоштади, училишта...).

**- Планирани активности**

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на општината опфаќаат:

- заловување на животните ,
- нивен транспорт до прифатилиштето или ветеринарно друштво,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабораториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните,
- идентификација и водење евиденција (чип и ушна маркичка) и ажурирање на Информацискиот систем на агенцијата за храна и ветеринарство,
- Спроведување на тест за социјализација на куче и понатамошни постапки со оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни во согласност со Закон,
- овариохистеректомија и орхиектомија,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени,

- евтаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по околината, доколку не се вдомат, а согласно позитивните законски прописи.

**5. Евалуација и мониторинг на популацијата на бездомни кучиња**

Општина Битола во 2023 година спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде се заклучи дека на ниво на општина има 1100 улични кучиња а во рамките на градот има околу 750 кучиња, од кои 30.95% се веќе тертирани, со овој мониторинг се воочи и состојбата на застапеност според пол, и се мереа и индикатори за благосостојбата на кучињата на улица.

Бројката на кучиња на должен километар е 2.22 кучиња што претставува висока популација на кучиња на должен километар. Околу 9% од кучињата кои се затекнати на улица без присуство на сопственик се со околувратник, што претставува процентуален поримерок на потврдено сопственички кучиња кои талкаат по улиците.

Должината на патеката која е помината во Општина Битола е 22.553км на која дестинација се детектирани 50 кучиња.

Од сите кучиња 16 се машки некастрирани, 12 се женски нестерилизирани, 6 се машки кастрирани, 7 се женски стерилизирани една е женка која е во лактација со мали кутриња и 6 се млади кутриња. 2 од кучињата имало потешкотии да се определи полот.

Генерално сите кучиња биле визуално во добра здравствена состојба.

Според спроведениот мониторинг се гледа дека за 2024 година доколку имаме цел да се таргетира третман на минимум од 75% од нетретираната популација на кучиња во рамките на 6 до 8 месеци се добива податокот дека треба да се целиме кон третман на 580 кучиња а за следниот циклус од 6 до 8 месеци треба да се таргетира 75% од преостанатата улична популација на кучиња. Да напомeнеме дека во текот на првиот период е за очекување да се зголемува уличната популација на кучињата за определен процент поради природниот пораст односно репродуктивната способност на кучињата. Затоа треба да предвидиме дека за следниот период од 6 до 8 месеци ни останале околу 200 кучиња за третман со што за 2024 година вкупно треба да таргетираме околу 750 единки.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2024 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња (раса, пол старост, година на третман, физички и здравствени карактеристики)
- Извори на храна, места на сместување - живеалишта

**6. Заловување и транспорт**

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата постапка која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на одговорните лица кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, да ги изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа операторот кој што ќе го спроведува заловувањето до отворање на прифатилиштето ќе биде мониториран од страна на Општински инспекторат.

Заловувачите кои ќе бидат ангажирани ќе имаат соодветни средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, дувалки, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

Транспортот од местото на заловување до прифатилиштето се врши со соодветни возила опремени со соодветна опрема за сместување на животните.

**7. Прифатилиште и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во карантинскиот дел од прифатилиштето, по што се подложува на клинички преглед,

тестирање за болести (земање крв за испитување на Лајшманиоза), хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити од страна на ветеринарно друштво/а кое е ангажирано на јавна набавка за ветеринарно медицински третман, и потоа се прави трансфер во делот за вдомување. Секое животно се евидентира/регистрира во дата-база на податоци-ВИС АХВ, како и обележува (со ушна маркица по боја предвидена во Годишната наредба за здравствена заштита на животните и микрочип) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелминтизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микрочип) за секое животно е на товар на буџетот на Општина Битола.

**8. Стерилизација и кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија)**

Стерилизација/кастрација е најефикасната мерка која спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популацијата. Исто така, воспоставува контрола врз репродукцијата кучињата со сопственици доколку се стимулира стерилизацијата кај сопственичките кучиња. Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките заловени несопственички животни се врши по детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се подложуваат на кастрација или стерилизација.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во постоперативниот дел каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските боксови во прифатилиштето, се врши редовно хранење и се под постојан ветеринарен надзор. Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а на 6 месеци се врши задолжителна соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Животните обележани со ушна маркица кои не се вдомиле и за кои нема интерес да бидат вдомени најкасно за 30 дена од заловувањето се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**9. Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани/кастрирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни општината ќе соработува се со здруженијата за заштита на животни, активистите како и заинтересираните граѓани.

**10. Евтаназија**

Евтаназија може да се спроведе само и исклучиво како хумана евтаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма евтаназијата ќе се примени само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за агресивно животно кое на тестот за социјализација е прогласено за опасно куче и во рок од 30 дена никој не пројавил интерес за негово вдомување, или куче заловено по пријава за каснување кое без причина нападнало човек и му нанело телесни повреди за кое во законски предвидениот рок исто така нема да се пријави вдомувач.

Одлуката за извршување евтаназија може да ја донесе само доктор по ветеринарна медицина со асистенција од ветеринарен техничар во согласност со горенаведеното со детално образложена аргументација на ваквиот чекор, во писмена форма.

Евтаназијата на кучињата се врши во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник бр. 149/14, 149/15, 53/16) и на начин и критериуми пропишани во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор,

условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник бр. 44 од 23.02.2021 година).

**11. Изведувач на програмата**

**Годишната програма ќе ја реализира Општина Битола во соработка со Операторот избран на Јавна набавка до отпочнување со работа на прифатилиштето, кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон , а надзор на истата ќе врши Општинскиот инспекторат.**

**12. Финансирање на програмата**

Предвидените средства ќе се користат за реализација на Програмата до отпочнување со работа на прифатилиштето.

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

Предвидени средства: 1.000.000,00 денари.

**13. Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на годината која изминала.

**14. Завршни одредби**

- Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола;
- Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансиската програма за одржување на јавната чистота на јавните површини на територијата на Општината Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиската програма за одржување на јавната чистота на јавните површини на територијата на Општината Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансиската програма за одржување на јавната чистота на јавните површини на територијата на Општината Битола за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансиската програма за одржување на јавната чистота на јавните површини на територијата на Општината Битола за 2024 година
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансиската програма за одржување на јавните зелени површини на територија на Општината Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиската програма за одржување на јавните зелени површини на територија на Општината Битола за 2024 година , донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансиска програма за одржување на јавните зелени површини на територија на Општината Битола за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансиска програма за одржување на јавните зелени површини на територија на Општината Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21),

Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба" Битола за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба" Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба" Битола за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба" Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-160/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за не давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифите за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП Нискоградба, Битола за регулиран период 2024 - 2026 година по категории на корисници**

**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација во КО Битола 4 (КП бр.865/1 и КП бр.866) во идна урбанистичко планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација во **КО Битола 4 (КП бр.865/1 и КП бр.866)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/71 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација во КО Битола 4 (КП бр.865/1 и КП бр.866) во идна урбанистичко планска документација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување

на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-4346/2011**, КО Битола 4 (КП бр.865/1 и КП бр.866)** згр.бр.1 (А1-1) и згр.бр.3 (А1-1) (**Рамадан Шабани и Селман Шабановски**)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден по објавување во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-160/73
21.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 08-609/1
21.07 2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 9 став 2 , член 32 од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21) и член 28 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци , Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Процедура за управување со обработувачи на лични податоци**

**Член 1**

**Начела поврзани со обработката на лични податоци**

Личните податоци се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели. Натамошната обработка за цели на архивирање од јавен интерес, за научни или историски истражувања или за статистички цели, во согласност со членот 86 став (1) од законот за заштита на личните податоци, (ЗЗЛП) нема да се смета дека не е во согласност со првичните цели за кои се собрани личните податоци („ограничување на целите").

**Член 2**

**Обработувач**

1.Ако обработката се врши во име на контролорот, тогаш контролорот користи само обработувачи кои обезбедуваат доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки на таков начин на кој обработката ќе се одвива во согласност со барањата од овој закон и ќе обезбедува заштита на правата на субјектот на личните податоци.

2.Обработувачот не може да ангажира друг обработувач без претходно посебно или генерално писмено овластување од страна на контролорот. Во случај на генерално писмено овластување од страна на контролорот, обработувачот го информира контролорот за сите планирани промени за ангажирање или замена на други обработувачи, давајќи му можност на контролорот да се спротивстави на тие промени.

3.Обработката од страна на обработувачот се регулира со договор или со друг правен акт во согласност со закон, кој што е обврзувачки за обработувачот во однос на контролорот, и со кој се регулира предметот и времетраењето на обработката, природата и целта на обработката, видот на личните податоци и категориите на субјекти на личните податоци, како и обврските и правата на контролорот. Во овој договор или друг правен акт се регулира особено дека обработувачот:

(а) ги обработува личните податоци само според документирани упатства од контролорот, вклучувајќи и пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, освен кога е должен да го стори тоа според барањата на закон што се применува во однос на обработувачот, во таков случај, обработувачот го информира контролорот за тоа правно барање пред обработката, освен ако тој закон забранува такво информирање заради важни причини од јавен интерес;
(б) обезбедува дека овластените лица за обработка на личните податоци се обврзани да ја почитуваат доверливоста или подлежат на законска обврска за почитување на доверливоста;
(в) ги презема сите неопходни мерки согласно со членот 36 од (ЗЗЛП);
(г) ги почитува условите наведени во ставовите (2) и (4) на овој член за ангажирање на друг обработувач;

(д) земајќи ја предвид природата на обработката, му помага на контролорот, преку примена на соодветни технички и организациски мерки, колку што е можно, да ги исполни обврските на контролорот да одговори на барањата за остварување на правата на субјектот на личните податоци утврдени во Глава III од (ЗЗЛП);
(ѓ) му помага на контролорот да обезбеди усогласување на обврските согласно со членовите од 36 до 40 од (ЗЗЛП), земајќи ги предвид природата на обработката и информациите кои му се достапни на обработувачот;
(е) по избор на контролорот, ги брише или ги враќа сите лични податоци на контролорот по завршувањето на услугите поврзани со обработката на личните податоци и ги брише постојните копии, освен ако со закон не постои обврска за чување на личните податоци;
(ж) му обезбедува пристап на контролорот до сите информации потребни за докажување на исполнувањето на обврските утврдени во овој член, како и овозможува и придонесува за извршување на ревизии, вклучувајќи инспекции од страна на контролорот или друг ревизор овластен од страна на контролорот.
Во однос на точка (ж) од овој став, обработувачот веднаш го известува контролорот, ако според негово мислење одредени упатства дадени од страна на контролорот го прекршуваат овој закон или други прописи кои се однесуваат на заштитата на личните податоци.

4.Ако обработувачот ангажира друг обработувач за извршување на специфични активности за обработка во име на контролорот, тогаш истите обврски за заштита на личните податоци како што се обврските предвидени во договорот или друг правен акт меѓу контролорот и обработувачот од ставот (3) на овој член, му се наложуваат и на другиот обработувач преку договор или друг правен акт во согласност со закон, а особено обврска за обезбедување на доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки, со цел обработката да ги исполнува барањата од овој закон. Ако ангажираниот обработувач не ја исполнува својата обврска за заштита на личните податоци, првичниот обработувач останува целосно одговорен пред контролорот за исполнување на обврските на ангажираниот обработувач.

5.Почитувањето од страна на обработувачот кон одобрените кодекси на однесување, наведени во членот 44 од (ЗЗЛП) или одобрените механизми за сертификација наведени во членот 46 од (ЗЗЛП), може да се искористи како елемент за докажување на исполнувањето на обврските од ставовите (1) и (4) на овој член.

6.Договорот или другиот правен акт наведен во ставовите (3) и (4) на овој член, може да се заснова целосно или делумно на стандардни договорни клаузули од ставот (7) на овој член, вклучително и кога се дел од сертификација доделена на контролорот или обработувачот во согласност со членовите 46 и 47 од (ЗЗЛП), притоа не доведувајќи го во прашање поединечниот договор меѓу контролорот и обработувачот.

7.Контролорот може да утврди стандардни договорни клаузули за прашањата наведени во ставовите (3) и (4) на овој член.

8.Договорот или другиот правен акт од ставовите (3) и (4) на овој член треба да биде во писмена форма, односно во електронска форма, согласно со закон.

9.Ако обработувачот со утврдување на целите и начинот на обработка го прекршува овој закон, тогаш обработувачот се смета за контролор во однос на таа обработка, притоа не доведувајќи ги во прашање членот 101 и одредбите од глава IX од (ЗЗЛП).

**Член 3**

**Управување со обработувачи**

1.Контролорот е должен да воспостави процес на управување при користење на услуги за обработка на личните податоци од страна на обработувачи, а со цел да се воспостават соодветни процедури за одлучување при изборот на обработувачот, управување со обработката на личните податоци, како и исполнување на договорените обврски и одговорности од страна на обработувачот.

2.Контролорот е должен да применува процедура за одлучување за избор на обработувач со која задолжително ќе предвиди:

- Анализа на потенцијалните обработувачи во однос на нивните технички и организациски мерки за обезбедување на гаранција дека обработката на личните податоци ќе се одвива во согласност со барањата предвидени во прописите за заштита на личните податоци, како и за обезбедување на заштита на правата на субјектите на лични податоци; и
- Анализа на ризиците врз работењето на контролорот што можат да произлезат при обработката на личните податоци од страна на обработувачите.

**Член 4**

Составен Дел на Процедура за управување со обработувачи на лични податоци се стандарди договорни клаузули кои се однесуваат на контролорот и на обработувачот на личните податоци со дополнителни 3 Анекси, кон истите.

**Член 5**

Оваа Процедура за управување со обработувачи на лични податоци, влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

**ПРИЛОГ бр.1**

## СТАНДАРДНИ ДОГОВОРНИ КЛАУЗУЛИ

### ДЕЛ I

*Клаузула 1*

*Цел и опсег*

1. Целта на овие стандардни договорни клаузули (Клаузули) е да се обезбеди усогласеност со одредбите од членот 32 ставови (3) и (4) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 294/21) (ЗЗЛП).
2. Контролорите и обработувачите наведени во Анекс бр.1 се согласија на овие Клаузули со цел да се обезбеди усогласеност со членот 32 ставови (3) и (4) од ЗЗЛП.
3. Овие Клаузули се однесуваат на обработката на личните податоци како што е наведено во Анекс бр.2.
4. Анексите од бр.1 до бр.4 се составен дел на овие Клаузули.
5. Овие Клаузули не се во спротивност со обврските предвидени за контролорот според одредбите на ЗЗЛП.
6. Овие Клаузули сами по себе не обезбедуваат усогласеност со обврските поврзани со преносот на личните податоци според одредбите од Главата V од ЗЗЛП.

*Клаузула 2*

*Непроменливост на клаузулите*

1. Контролорот и обработувачот (Договорни страни) се обврзуваат да не ги менуваат Клаузулите, освен за додавање на информации во Анексите или за ажурирање на информациите во нив.
2. Ова не ги спречува Договорните страни да ги вклучат стандардните договорни клаузули утврдени во овие Клаузули во поширок договор или да додадат други клаузули или дополнителни заштитни мерки под услов тие да не се директно или индиректно во спротивност со Клаузулите или со нив да се повредуваат основните права или слободи на субјектите на лични податоци.

*Клаузула 3*

*Толкување*

1. Кога овие Клаузули ги користат изразите дефинирани во ЗЗЛП, тие го имаат истото значење како и во ЗЗЛП.
2. Овие Клаузули се читаат и толкуваат во смисла на одредбите од ЗЗЛП.
3. Овие Клаузули нема да се толкуваат на начин што е во спротивност со правата и обврските предвидени со ЗЗЛП или на начин што ги повредува основните права или слободи на субјектите на личните податоци.

*Клаузула 4*

*Хиерархија*

Во случај на противречност помеѓу овие Клаузули и одредбите на склучените договори помеѓу Договорните страни, кои што постоеле во времето кога овие Клаузули се договорени или склучени после ова, овие Клаузули ќе имаат предност.

*Клаузула 5 - (незадолжителна клаузула)*

*Клаузула за пристапување*

1. Секој субјект што не е Договорна страна на овие Клаузули може да пристапи кон овие Клаузули во кое било време како контролор или обработувач со пополнување на Анексите и потпишување на Анекс бр.1, а по согласување на сите Договорни страни.
2. Откако Анексите од точката 1 на оваа Клаузула се завршени и потпишани, субјектот што пристапува ќе се третира како Договорна страна на овие Клаузули и ќе има права и обврски на контролор или обработувач, во согласност со неговото назначување во Анексот бр.1.
3. Субјектот што пристапува нема да има права или обврски што произлегуваат од овие Клаузули за периодот пред да стане Договорна страна.

ДЕЛ II

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

*Клаузула 6*

*Опис на обработката/ите*

Деталите за операциите за обработка, особено категориите на лични податоци и целите на обработката за кои се обработуваат личните податоци во име на контролорот, се наведени во Анексот бр.2.

*Клаузула 7*

*Обврски на Договорните страни*

7.1. Упатства

а) Обработувачот треба да ги обработува личните податоци само според документирани упатства од контролорот, освен ако тоа не е утврдено со закон, а на кој е обврзан обработувачот, при што во тој случај, обработувачот е должен да го извести контролорот за тоа законско барање пред обработката, освен ако законот не го забранува тоа поради важни причини на јавниот интерес. Контролорот во текот на целото времетраење на обработката на личните податоци може да дава последователни упатства, при што овие упатства секогаш се документираат.

б) Обработувачотведнашгоизвестувaконтролоротдоколку, споредмислењетонаобработувачот, упатстваташтоседадениодконтролоротгопрекршуваат ЗЗЛП илидругипрописикоиседнесуваатназаштитатаналичнитеподатоци.

7.2. Ограничување на целите

Обработувачот треба да ги обработува личните податоци само за конкретна/и цел/и на обработката, како што е утврдено во Анексот бр.2, освен ако не добие други упатства од страна на контролорот.

7.3. Времетраење на обработката на лични податоци

Обработувачот треба да ги обработува личните податоци само за времетраењето одредено во Анексот бр.2.

7.4. Безбедност на обработката

а) Обработувачот треба да гиспроведенајмалку техничките и организациските мерки наведени во Анексот бр.3 за да се обезбеди безбедност на личните податоци. Ова вклучува заштита на личните податоци од нарушување на безбедноста што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до податоците (нарушување на безбедноста на личните податоци). При проценката на соодветното ниво на безбедност, Договорните страни треба да ги земат предвид најновите технолошки достигнувања, трошоците за спроведување, природата, обемот, контекстот и целите на обработката и вклучените ризици за субјектите на лични податоци.

б) Обработувачот треба да им овозможи пристап до личните податоци кои се обработуваат од страна на членовите на неговиот персонал само во онаа мерка што е строго неопходна за спроведување, управување и следење на договорот. Обработувачот треба да обезбеди дека лицата што се овластени за обработка на добиените лични податоци се обврзани на доверливост или се под соодветна законска обврска за доверливост.

7.5. Посебни категории на лични податоци

Доколку обработката вклучува лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, генетски податоци или биометриски податоци со цел единствена идентификација на физичкото лице, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице, или податоци што се однесуваат на казнени осуди и казнени дела (посебни кетегории на лични податоци), обработувачот треба да примени конкретни ограничувања и/или дополнителни заштитни мерки.

7.6. Документација и усогласеност

1. Договорните страните треба да демонстрираат усогласеност со овие Клаузули.
2. Обработувачот треба веднаш и соодветно да се справи со барањата од контролорот за обработката на личните податоци во согласност со овие Клаузули.
3. Обработувачот треба да ги стави на располагање на контролорот сите информации потребни за да се демонстрира усогласеност со обврските наведени во овие Клаузули и кои произлегуваат директно од ЗЗЛП. На барање на контролорот, исто така, обработувачот треба да дозволи и да придонесе за извршување на ревизии на активностите за обработка на личните податоци опфатени со овие Клаузули, во разумни временски интервали или доколку има индикации за неусогласеност. При одлучувањето за проверката или ревизијата, контролорот може да ги земе предвид релевантните сертификати што ги има обработувачот.
4. Контролорот може да избере сам да ја спроведе ревизијата или да назначи независен ревизор. Исто така, ревизиите, може да вклучуваат инспекции во просториите или физичките објекти на обработувачот и каде што е соодветно треба да се спроведуваат со разумно најавување.
5. Договорните страни треба да ги ставаат на располагање информациите наведени во оваа Клаузула, вклучувајќи ги и резултатите од сите извршени ревизии на Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) на нејзино барање.

7.7. Употреба на подобработувачи

1. Опција 1: ПРЕТХОДНО ПОСЕБНО ОВЛАСТУВАЊЕ: Обработувачот нема да договори подизведувач за било која од своите операции за обработка извршени во име на контролорот во согласност со овие Клаузули на друг подобработувач, без претходно писмено овластување од страна на контролорот. Обработувачот треба да го достави барањето за посебно овластување најмалку *Да се наведи временскиот период* пред ангажирање на подобработувачот, заедно со потребните информации за да му се овозможи на контролорот да одлучи за овластувањето. Списокот на подобработувачи овластени од контролорот се наведени во Анексот бр.4 кој Договорните страни треба редовно да го ажурираат.

   Опција 2: ГЕНЕРАЛНО ПИСМЕНО ОВЛАСТУВАЊЕ: Обработувачот има генерално писмено овластување од контролорот за ангажирање на подобработувачи од договорениот список. Обработувачот посебно треба да го извести контролорот во писмена форма за какви било наменети промени на тој список преку додавање или замена на подобработувачи најмалку *Да се наведи временскиот период* однапред, со што на контролорот ќе му се даде доволно време да може да се спротивстави на таквите промени пред ангажирање на засегнатиот/те подобработувач/и. Обработувачот треба да му ги обезбеди потребните информации на контролорот за да му овозможи да го оствари своето право на приговор.
2. Кога обработувачот ангажира подобработувач, за извршување на посебни активности за обработка (во име на контролорот), тоа треба да го изврши со склучување на договор со кој во суштина ќе му наложи на подобработувачот, исти обврски како и оние наложени за него во согласност со овие Клаузули.

Обработувачот треба да обезбеди дека подобработувачот има исти обврски на коишто е подложен и обработувачот во согласност со овие Клаузули и со ЗЗЛП.

3. Обработувачот треба да му обезбеди копија од таквиот договор со подобработувачот и сите последователни негови измени и дополнувања на контролорот на негово барање. Во случај на заштита на деловна тајна или други доверливи информации, вклучувајќи и лични податоци, обработувачот може да го редактира (да примени механизми за прикривање на дел од текстот) текстот на договорот пред да ја сподели копијата со контролорот.

4. Обработувачот останува целосно одговорен пред контролорот за извршување на обврските на подобработувачот во согласност со неговиот договор со обработувачот. Обработувачот треба да го извести контролорот за каков било неуспех од страна на подобработувачот да ги исполни своите договорни обврски.

5. Обработувачот треба да договори клаузула во корист на трето лице со подобработувачот според која во случај обработувачот да престане да постои (смрт на физичкото лице), да престане законски да постои (престанување на правно лице) или стане неликвиден - контролорот да има право да го раскине договорот со подобработувачот и да му нареди на подобработувачот да ги избрише или врати личните податоци.

7.8. Пренос на лични податоци

1. Секој пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација од страна на обработувачот треба да се изврши само врз основа на документирани упатства од страна на контролорот или со цел да се исполни одредено барање според закон на кој подлежи обработувачот и се реализира во согласност со Главата V од ЗЗЛП.

2. Контролорот се согласува дека таму каде што обработувачот ќе вклучи подобработувач во согласност со Клаузулата 7.7. за извршување на специфични активности за обработка (во име на контролорот), а овие активности за обработка вклучуваат и пренос на лични податоци во рамките на значењето на Главата V од ЗЗЛП, обработувачот и подобработувачот можат да обезбедат усогласеност со Главата V од ЗЗЛП со употреба на стандардни договорни клаузули утврдени од АЗЛП во согласност со членот 50 став (2) точка в) од ЗЗЛП, ако се исполнети условите за употреба на тие стандардни договорни клаузули.

***Клаузула 8***

***Помош на контролорот***

1. Обработувачот веднаш треба да го извести контролорот за секое барање што го добил од субјектот на лични податоци. Тој нема да одговори на самото барање, освен ако не е овластен за тоа од страна на контролорот.

2. Земајќи ја предвид природата на обработката, обработувачот треба да му помогне на контролорот во исполнувањето на неговите обврски да одговори на барањата на субјектите на лични податоци за остварување на нивните права. Во исполнувањето на своите обврски во согласност со ставовите 1 и 2 на оваа Клаузула, обработувачот треба да ги почитува упатствата на контролорот.

3. Земајќи ја предвид природата на обработката на личните податоци и информациите што му се достапни на обработувачот, покрај обврските на обработувачот да му помогне на контролорот согласно ставот 2 од оваа Клаузула, обработувачот дополнително ќе му помогне на контролорот во обезбедување на усогласеност со следниве обврски:

   а) да се изврши проценка на влијанието на заштитата на личните податоци на предвидените операции за обработка („ПВЗЛП") кога еден вид на обработка веројатно ќе резултира со висок ризик за правата и слободите на физичките лица;

   б) да се консултира со АЗЛП пред обработката кога ПВЗЛП покажува дека обработката би резултирала во висок ризик во отсуство на преземени мерки од страна на контролорот за ублажување на ризикот;

   в) да се обезбеди дека личните податоци се точни и ажурирани, преку известување на контролорот без одложување, доколку обработувачот стане свесен дека личните податоци што ги обработува се неточни или се застарени;

   г) применување на мерки според членот 36 од ЗЗЛП.

4. Договорните страни треба да ги наведат во Анексот бр.3 соодветните технички и организациски мерки со кои од обработувачот ќе се бара да му помогне на контролорот во примената на оваа Клаузула, како и обемот и опсегот на потребната помош.

### *Клаузула 9*

### *Известување за нарушување на безбедноста на личните податоци*

Земајќи ја предвид природата на обработката и информациите достапни на обработувачот, во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, обработувачот соработува и му помага на контролорот да ги почитува своите обврски согласно членовите 37 и 38 од ЗЗЛП.

9.1 Нарушување на безбедноста на личните податоци во врска со личните податоци обработени од страна на контролорот

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци кои се обработуваат од страна на контролорот, обработувачот треба да му помогне на контролорот:

а) при известување за нарушување на безбедноста на личните податоци до АЗЛП, веднаш откако контролорот дознал за истото, доколку е тоа релевантно (освен ако нарушување на безбедноста на личните податоци веројатно нема да резултира со ризик за правата и слободите на физичките лица);

б) при обезбедување на информациите во согласност со членот 37 став (3) од ЗЗЛП, кои треба да бидат наведени во известувањето на контролорот и кои мора да го содржат најмалку следното:

   (1) природата на личните податоци, вклучително и кога е можно, категориите и приближниот број на засегнати субјекти на лични податоци и категориите и приближниот број на засегнати и евидентирани лични податоци;

   (2) можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

(3) преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи и соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти.

Во случај кога не е возможно да се обезбедат сите информации истовремено, првичното известување ги содржи само информациите што во тој момент се достапни, а дополнителните информации се обезбедуваат веднаш во моментот кога ќе станат достапни.

в) при почитување на одредбите од членот 38 од ЗЗЛП, кога нарушувањето на безбедноста на личните податоци веројатно ќе резултира со висок ризик за правата и слободите на физичките лица, веднаш да се известат субјектите на лични податоци за нарушувањето.

9.2 Нарушување на безбедноста на личните податоци во врска со личните податоци обработени од страна на обработувачот

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци кои се обработуваат од страна на обработувачот, контролорот веднаш треба да биде известен од обработувачот, откако дознал за нарушувањето. Ваквото известување содржи најмалку:

(а) опис на природата на нарушувањето на безбедноста (вклучително и кога е можно категориите и приближниот број на субјекти на лични податоци и засегнатите евидентирани лични податоци);

(б) контакт податоци каде што може да се добијат повеќе информации во врска со нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

(в) неговите можни последици и преземените или предложените мерки што треба да се преземат за справување со нарушувањето на безбедноста, вклучувајќи и за ублажување на неговите можни негативни ефекти.

Во случај кога не е возможно да се обезбедат сите информации истовремено, првичното известување ги содржи само информациите што во тој момент се достапни, а дополнителните информации се обезбедуваат веднаш во моментот кога ќе станат достапни.

Договорните страни треба да ги наведат во Анексот бр.3 сите други елементи што ќе ги обезбеди обработувачот при помагање на контролорот во однос на усогласеноста со неговите обврски предвидени во членовите 37 и 38 од ЗЗЛП.

ДЕЛ III

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### *Клаузула 10*

***Непочитување на Клаузулите и раскинување на договор***

1. Без да е во спротивност со одредбите од ЗЗЛП, во случај обработувачот да не ги почитува своите обврски од овие Клаузули, контролорот може да му наложи на обработувачот да ја прекине обработката на лични податоци сè додека обработувачот не се усогласи со овие Клаузули или се додека договорот не се раскине. Обработувачот веднаш треба да го извести контролорот во случај да не е во можност да ги почитува овие Клаузули, од која било причина.

2. Контролорот има право да го раскине договорот доколку станува збор за обработка на лични податоци во согласност со овие Клаузули ако:

   а) обработката на личните податоци од страна на обработувачот е прекината од контролорот во согласност со ставот 1 од оваа Клаузула и доколку усогласеноста со овие Клаузули не е обновена во разумен рок, како и во секој случај во рок од еден месец по престанокот на обработката;

   б) обработувачот во значителна мера или постојано ги крши овие Клаузули или неговите обврски согласно ЗЗЛП;

   в) обработувачот не ја почитува обврзувачката одлука на надлежен суд или на АЗЛП во врска со неговите обврски согласно со овие Клаузули или со ЗЗЛП.

3. Откако ќе го извести контролорот дека неговите упатства ги кршат применливите законски барања во согласност со Клаузулата 7.1 точка б), обработувачот има право да го раскине договорот во однос на обработката на личните податоци според овие Клаузули, ако контролорот и понатаму инсистира на усогласување со тие упатства.

4. По раскинување на договорот, обработувачот, по избор на контролорот, треба да ги избрише сите лични податоци обработени во име на контролорот и да му потврди на контролорот дека го сторил тоа, или, пак, да му ги врати сите лични податоци на контролорот и да ги избрише постоечките копии освен ако со закон не е утврдено чување на личните податоци. Додека личните податоци не бидат избришани или вратени, обработувачот треба да продолжи да обезбедува усогласеност со овие Клаузули.

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-610/1
31.05. 2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 9 став 2 , член 36 и член 43 став 1 точка б од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) и член 31 од Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, Градоначалникот на Општина Битола донесе

**План за едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци во натамошен текст**

**Член 1**

Со овој План се уредува начинот на едукација на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци кај контролорот, Општина Битола.

**Член 2**

Личните податоци се: собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели. Натамошната обработка за цели на архивирање од јавен интерес, за научни или историски истражувања или за статистички цели, во согласност со членот 86 став (1) од (ЗЗЛП), нема да се смета дека не е во согласност со првичните цели за кои се собрани личните податоци („ограничување на целите“).

**Член 3**

1.Според најновите технолошки достигнувања, трошоците за спроведување и природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различен степен на веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица, контролорот и обработувачот се должни да применат соодветни технички и организациски мерки за да обезбедат ниво на безбедност соодветно на ризикот, вклучувајќи, според потребата:

(а) псевдонимизација и криптирање на личните податоци;

(б) способност за обезбедување на континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на системите и услугите за обработка;

(в) способност за навремено, повторно воспоставување на достапноста до личните податоци и пристапот до нив во случај на физички или технички инцидент;

(г) процес на редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел да се гарантира безбедноста на обработката.

2. При процена на соодветно ниво на безбедност се земаат во предвид особено ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

3. Почитувањето на одобрените кодекси на однесување, наведени во членот 44 од или на одобрените механизми за сертификација наведени во членот 46 од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), може да се искористи како елемент за докажување на усогласеноста со барањата утврдени во ставот (1) на овој член.

4. Контролорот и обработувачот преземаат мерки за да обезбедат дека секое физичко лице кое дејствува по овластување на контролорот или на обработувачот, а кое што има пристап до личните податоци, нема да ги обработува овие податоци, ако не му се дадени упатства од контролорот, освен ако е обврзан да ги обработува според закон.

5. Контролорот и обработувачот се должни да ја демонстрираат примената на мерките според барањата утврдени во ставот (1) на овој член.

**Член 4**

Офицерот за заштита на личните податоци ја следи усогласеноста со овој закон, во рамки на своите надлежности , со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци.

**Член 5**

1 Лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот, пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за технички и организациски мерки.
2. За лицата кои се ангажираат за извршување на работа кај контролорот во договорот за нивното ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.
3. Контролорот пред непосредното започнување со работа на овластените лица, дополнително ги информира за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.
4. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот, пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци, која е прилог 1 на овој План.
5. Изјавата од ставот (4) на овој член особено содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци; ќе вршат обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот, освен ако со закон поинаку не е уредено и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.
6. Изјавата од ставот (4) на овој член задолжително се чува во досиејата на лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот.
7. Контролорот задолжително врши континуирано информирање и едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

**Член 6**

Контролорот, Општина Битола, врши обука на вработените вклучително административни службеници, лица кои немаат статус на административни службеници односно помошно-технички лица, лица од областа на безбедноста-пожарникари вработени во ТППЕ Битола, лица ангажирани преку Агенции за приватни вработувања, како и на останати лица вработени или ангажирани во општина преку друг основ.

Обуките на лицата од став 1 на овој член се вршат по потреба, но најмалку еднаш годишно за веќе постечки вработени лица.

За вработените лица кај контролорот Општинат Битола , кои се вработиле прв пат во тековна година , запознавањето со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, се врши по добивање на решение за вработување, но не подолго од 1 месец по добивање на решение за вработување.

Првичните обуки и запознавањето со Законот за заштита на личните податоци, неговата примена, како и подзаконските акти , ги вршат овластените лица , односно офицерот за заштита на лични податоци како и администраторот на информацискиот систем .

Доколку постои потреба од дополнителна стручна обука за вработените лица кај контролорот на личните податоци, офицерот за заштита на лични податоци како и администраторот на информацискиот систем , со барање ја контактираат Агенцијата за заштита на личните податоци за потребата од обезбедување на дополнителна обука .

**Член 7**

Одделението за управување со човечки ресурси континуирано го запозанва офицерот за заштита на личните податоци и администраторот на информацискиот систем, за ново вработени лица кај контролорот, со цел навремена обука на истите како и дава информација за лица на кои им престанал работниот однос кај контролорот, за да на истите им се забрани натамошен пристап до личните податоци кај контролорот.

**Член 8**

Одделението за управување со човечки ресурси, води евиденција за потпишани изјави за тајност и обработка на личните податоци, за секој вработен на ниво на сектор, поединечно и истата евиднеција се чува во Одделението за управување со човечки реусри, со што истата треба да е достапна во секое време на офицерот за заштита на личнте податоци.

**Член 9**

**Офицерот за заштита на личните податоци заедно со администраторот на информацискиот систем,** вршаат контрола, кај контролорот, со цел да се дадат напатствија и насоки за доследна примена на законксите одредби од Законот за заштита на личните податоци.

**Член 10**

**Офицерот за заштита на личните податоци заедно со администраторот на информацискиот систем,** ги запознаваат обработувачите на личните податоци (економските оператори со кои контролорот има склучено договори) за одредбите за заштита на лични податоци, со што во Договорите се внесуваат стандардни договорни клаузули за заштита на личните податоци помеѓу контролорот и обработувачите.

**Член 11**

Овој План за едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци, влегува во сила со денот на неговото донесување.

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

**Прилог 1**

**ИЗЈАВА**
**за тајност и заштита на обработката на личните податоци**

Во својство на функционер/вработен во органот/компанијата ________________________________, јас долупотпишаниот ________________________________________________ изјавувам дека ќе ја почитувам доверливоста на сите лични податоци за кои имам право и овластување за пристап и кои се чуваат во збирката на лични податоци во органот/компанијата каде ја извршувам мојата работна позиција, и дека ќе ги обработувам личните податоци само за конкретни, законски пропишани цели, во согласност со Законот за заштита на личните податоци, и посебно во согласност со начелото на доверливост од член 9 на законот.

Исто така, се обврзувам дека нема да доставувам или на кој било друг начин да ги ставам на располагање на трети страни личните податоци за кои имам право и овластување за пристап (неовластено откривање), и се обврзувам дека ќе ја чувам доверливоста на личните податоци и по престанок на важноста на овластувањето за пристап до личните податоци.

Свесен/на сум дека секое неовластено откривање на личните податоци на кои имам право на пристап во рамките на мојата работа претставува прекршување на работните и на етичките обврски.

Изјавил
Име /презиме/потпис
--------------------------------------------------

Дата/Место
-----------------------------------

**АНАЛИЗА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-633/1
08-06-2023 год.
БИТОЛА

Поради природата на дејноста, во просториите на Општина Битола секојдневно доаѓаат поголем број на посетители како заинтересирани страни од редот на граѓаните, други државни органи и правни лица, со што се наметнува потребата од обезбедување на влезот и излезот од службените простории на Општина Битола, преку систем за спроведување на видео надзор. Освен тоа, во административните простори на општината постои соодветна техничка опрема како:(персонални и преносни компјутери, сервери, мрежна и телекомуникациска опрема, копири,скенери, печатари и друга опрема) која може да биде предмет на незаконско отуѓување. Согласно со наведеното, со воспоставувањето на видео надзорот ќе се обезбеди соодветна заштита на сопственоста на Општина Битола од неовластен пристап, кражба или друга форма на нејзино загрозување и ќе се обезбеди контрола над влезот и излезот од просториите на општината во текот и по престанувањето на работното време,односно 24-часовен видео надзор.

Општината ќе врши видео надзор во своите службени/деловни простории согласно член 90 став (1) од Законот за заштита на лични податоци, исклучиво и само, заради исполнување на целта, односно целите кои се однесуваат на:

• Заштита на животот или здравјето на луѓето;

• Заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;

• Заштита на сопственоста;

• Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории

Општината на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видео надзор во согласност со Законот за заштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзор. Информациите во известувањето мора да бидат транспарентни, разбирливи и во лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Известувањето е отпечатено во А4 формат. Снимките направени во текот на спроведувањето на видео надзорот ќе се чуваат 30 (триесет) дена на тврд диск од уредот за дигитално снимање,(DVR), а откако ќе истече овој рок истите автоматски се отстрануваат. Доколку се процени дека, за да се овозможи реконструкција на настаните кои довеле до можна злоупотреба или отуѓување на дел од материјалните средства на Општина Битола, може снимките да се чуваат и во рок подолг од 30 (триесет) дена. Видео надзорот над просторот пред влезот во Општина Битола ќе биде поставен превентивно со цел заштита на сопственоста на Општината,во близината на деловните простори на општината , како и за заштита на имотот на Општина Битола од кражби или разни оштетувања или уништувања.

Општина Битола ќе ги применува следниве технички и организациските мерки за безбедност на податоците,како и ограничување и оневозможување на неовластен пристап до системот за вршење на видео надзор и тоа:

1.Единствено корисничко име;

2.Лозинка креирана од секое овластено лице,составена од комбинација на најмалку осум(8) алфанумерички карактери(од кои минимум една голема буква) и специјални знаци.Лозинките се менуваат по изменат период што не може да биде подолг од три (3)месеци.

3.Корисничко име и лозинка која овозможува временски пристап на овластеното лице до системот за видео надзор.

Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор која претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзорот.

Снимките се прегледуваат само во исклучителни ситуации, поради:

- Инциденти кои резултирале со загрозување на здравјето и животот на извршителите и трети лица;

- Инциденти кои резултирале со уништување или оштетување на имотот на Општината, или на трети лица;

- При постоење на сомневање за сторено кривично дело;

- По писмено барање на надлежни државни органи;

- По барање на субјектот на лични податоци;

- Во други случаи предвидени со позитивните законски акти;

- По налог на Контролорот.

**Мислење на офицерот за заштита на личните податоци**

При поставувањето и дизајнот на системот за видео надзор, потребно е да се земе предвид следното:

• Природата на работите што Општината ги извршува и потребата да обезбеди сигурност и безбедност на вработените, странките и средствата, системот за видеонадзор предвиден е да работи нон-стоп 24 часа на ден;

• Опремата за видео надзор да се инсталира само над подрачјата за кои претходно е утврдено дека треба да се надгледуваат;

• Максимално намалување на можноста за поместување и преместување на камерите со цел неовластени лица да не можат да го манипулираат системот и да ги пренасочат камерите;

• Опремата за снимање и други елементи од системот за видео надзор мора да бидат сместени во строго контролирана зона каде имаат пристап само овластени лица;

• Доколку е возможно, да се обезбеди далечински пристап (remote access) кон системите за видео надзор по локации со цел преземање, оперирање, одржување или ревизија на делови или целиот систем.

Податоците кои се собираат при вршење на видео надзорот, се слики без звук, кои се однесуваат на идентификувано лице или на лице кое може да биде идентификувано, директно или индиректно, со цел да се следи неговото однесување заради целите предвидени со правилникот за начинот нна вршење на видео надзор во Општина Битола. Преку системот за видеонадзор се обработува слика/снимка на лицата/објектите кои се наоѓаат во периметар на камерите кои покриваат:

• Површина во сопственост на Општината;

• Површина која се користи од страна на Општината за деловни потреби и на која има сопственост, или,

• Јавна површина во непосредна близина на објекти кои се сопственост на Општината.

Општината не смее да врши Видео надзор над:

- Работни простории,,шалтери,кабинети,соблекувални,санитарни чворови,ходници и други слични простории.

Офицер за заштита на лични податоци

Душко Јовановски

Градоначалник

Тони Коњановски

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија бр.5/02''), член 90 став 2 од Законот за Заштита на личните податоци (,,Службен весник на РСМ'' бр.42/20 и 294/21''), и член 4 од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор,(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20,бр.280/21'') Градоначалникот на Општината Битола донесе,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 08-633/2
08-06-2023 год.
БИТОЛА

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО ОПШТИНА БИТОЛА

### Основни одредби

### Член 1

Видеонадзорот,Општината го врши врз основа на овој Правилник, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци, Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор и Правилникот за содржината на анализата на целта односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеоназдор.

Овој Правилник се однесува за видеонадзор што се врши во просториите на Општината на ул.,,Булевар 1-ви Мај''бр.61 Битола.

### Систем за вршење на видео надзор

### Член 2

Системот за видеонадзор е составен од:

-Дигитални видео камери, дигитални видео рекордери и монитори, распоредени на предефинирани локации низ објектите на Општината.

-Софтвер за видео надзор.

### Компоненти на системот за вршење видео надзор

### Член 3

Со Правилникот за начинот на вршење на видеонадзор се уредуваат:

- Начинот на вршење на видеонадзор (цели, исклучоци, известување и содржина на известување за вршење на видеонадзор);

- Техничките спецификации на опремата за видеонадзор;

- Правилата за видеонадзор;

- Категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор (податоци кои се собираат при вршење на видеонадзор и рок на чување на снимките);

- Постапка за увид и пристап до видео снимките (овластени лица, пристап до дигитални видео рекордери за чување на видео снимките , поднесување на барање за увид и барање на информација од субјект на лични податоци;

- Прегледување на снимките;

- Влегување во сила на Правилникот.

**Цели на обработка на личните податоци**

**Член 4**

Општината врши видеонадзор во своите службени/деловни простории согласно член 90 став (1) од Законот за заштита на лични податоци за:

• Заштита на животот или здравјето на луѓето;

• Заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;

• Заштита на сопственоста;

• Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

**Анализа на целта**

**Член 5**

Контролорот, задолжително врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видео надзорот пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видеонадзор која е составен дел од документацијата за воспоставување на системот на вршење на видеонадзор.

Анализата задолжително содржи и мислење од Офицерот за заштита на личните податоци во Општината, во однос на воспоставувањето на системот за вршење видеонадзор.Притоа во предвид се земаат причините за поставување на видеонадзорот како и опис на недвижните и подвижните ствари кои ќе се заштитуваат со поставувањето на видеонадзор.

При поставувањето и дизајнот на системот за видеонадзор, потребно е да се земе предвид следното:

• Природата на работите што Општината ги извршува и потребата да обезбеди сигурност и безбедност на вработените, странките и средствата, системот за видеонадзор предвиден е да работи нон-стоп 24 часа на ден;

• Опремата за видеонадзор да се инсталира само над подрачјата за кои претходно е утврдено дека треба да се надгледуваат;

• Максимално намалување на можноста за поместување и преместување на камерите со цел неовластени лица да не можат да го манипулираат системот и да ги пренасочат камерите;

• Опремата за снимање и други елементи од системот за видеонадзор мора да бидат сместени во строго контролирана зона каде имаат пристап само овластени лица;

• Доколку е возможно, да се обезбеди далечински пристап (remote access) кон системите за видеонадзор по локации со цел преземање, оперирање, одржување или ревизија на делови или целиот систем.

**Категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци**

**обработени преку системот за вршење на видеонадзор**

**Член 6**

Предмет на обработка е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува. Под поимот идентификувано или физичко лице кое може

да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја, специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет, чија обработка е дозволена со закон.

Преку системот за видеонадзор се обработува слика/снимка на лицата/објектите кои се наоѓаат во периметар на камерите кои покриваат:

• Површина во сопственост на Општината;

• Површина која се користи од страна на Општината за деловни потреби и на која има сопственост или

• Јавна површина во непосредна близина на објекти кои се сопственост на Општината.

Личните податоци се користат од страна на овластени лица во Општината во случај на испитување на сомнежи по сигурноста на сопственоста на Општината, периодична контрола и/или трети страни кои се законски овластени (Министерство за внатрешни работи, Јавно Обвинителство, Судови) да ги побараат овие податоци.

Личните податоци кои се предаваат на законски овластени институции, се на цд-а или друг дигитален медиум, при што дигиталниот медиум се предава лично, а за примопредавањето се составува Записник за примопредавање на снимки.

Општината не врши Видеонадзор над:

- Работни простории,шалтери,кабинети,соблекувални,санитарни чворови, и други слични простории;

Податоците кои се собираат при вршење на видеонадзорот, се слики без звук, кои се однесуваат на идентификувано лице или на лице кое може да биде идентификувано, директно или индиректно, со цел да се следи неговото однесување заради целите предвидени во овој Правилник.

Контролорот донесува времено овластување за вршење обработка на лични податоци согласно потребите на овластувањето за пристап до личните податоци. Дополнително, овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за видео надзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за обезбедување на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

## Технички и организациски мерки

## Член 7

Општина Битола ги применува следниве технички и организациските мерки за безбедност на податоците,како и ограничување и оневозможување на неовластен пристап до системот за вршење на видео надзор и тоа:

1.Единствено корисничко име;

2.Лозинка креирана од секое овластено лице,составена од комбинација на најмалку осум(8) алфанумерички карактери(од кои минимум една голема буква) и специјални знаци.Лозинките се менуваат по изменат период што не може да биде подолг од три (3)месеци.

3.Корисничко име и лозинка која овозможува временски пристап на овластеното лице до системот за видео надзор.

4.Инсталирана хардверска /софтверска заштитна мрежна бариера(фајервол) или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа,како и заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

5.Ефективна и сигурна анти-спам заштита,која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови,приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**Пристап**

**Член 8**

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор, Контролорот, задолжително води евиденција која ги содржи следните податоци:

• Име и презиме на овластеното лице;

• Датум и време на пристапување;

• Цел за пристапување;

• Датум и час на направената снимка кон која се пристапува;

• назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот;

• Вид на медиумот во кој е содржана снимката од видео надзорот и

• Други податоци согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

• Работна станица од каде се пристапува до системот, ако прегледот се прави преку компјутерски систем;

• Запис/доказ за авторизација за секое пристапување;

• Запис за секој неавторизиран пристап (доколку таков се открие),

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на евиденцијата за пристап кон овие податоци, според Правилникот за безбедност на личните податоци и изготвува извештај за извршената проверка и за констатирани неправилности.

**Постапување по однос на судска наредба или други органи и лица овластени со закон**

**Член 9**

Доколку во Општината е примена судска наредба или барање од други органи овластени со закон, за обезбедување на снимки од извршен видео надзор, кои би послужиле како доказ во судска постапка или друга постапка, Контролорот со записник за примопредавање на снимки ги предава на судот и другите надлежни органи бараните информации, при тоа почитувајќи го рокот определен во судската наредба во соработка со членовите од комисијата за видео надзор. За извршеното примопредавање на видеозаписите го известува Офицерот за заштита на лични податоци.

**Комисија**

**Член 10**

Општината формира комисија од 3 лица, составена од Овластените лица за преглед на снимениот материјал.

Членовите на комисијата, задолжително треба да:

- Бидат запознаени со начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци;

- Вршат обработка на личните податоци согласно со упатствата и интерните акти на Општина Битола,

- Освен ако со закон поинаку не е уредено, и

- Ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

Извештајот треба да биде составен од прегледот, кој што ќе содржи заклучок за прегледаниот настан/инцидент.

**Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење видео надзор**

**Член 11**

Општина Битола ги применува следниве технички и организациските мерки за безбедност на податоците,како и ограничување и оневозможување на неовластен пристап до системот за вршење на видео надзор и тоа:

1.Единствено корисничко име;

2.Лозинка креирана од секое овластено лице,составена од комбинација на најмалку осум(8) алфанумерички карактери(од кои минимум една голема буква) и специјални знаци.Лозинките се менуваат по изменат период што не може да биде подолг од три (3)месеци.

3.Корисничко име и лозинка која овозможува временски пристап на овластеното лице до системот за видео надзор.

Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор која претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видеонадзорот.

Образецот на изјавата е даден во прилог бр.1,кој е составен дел на овој правилник.

**Прегледување на снимките**

**Член 12**

Снимките се прегледуваат само во исклучителни ситуации, поради:

- Инциденти кои резултирале со загрозување на здравјето и животот на извршителите и трети лица;

- Инциденти кои резултирале со уништување или оштетување на имотот на Општината, или на трети лица;

- При постоење на сомневање за сторено кривично дело;

- По писмено барање на надлежни државни органи;
- По барање на субјектот на лични податоци;
- Во други случаи предвидени со позитивните законски акти;
- По налог на Контролорот.

**Рок на чување на снимките од видеонадзорот**

**Член 13**

Снимките направени при вршење на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот од 30 дена, ако со друг закон е предвиден подолг рок во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци, но не подолго до исполнување на целта, односно целите.

**Известување за вршење на видеонадзор**

**Член 14**

Општината на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видеонадзор во согласност со Законот за заштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видеонадзор.

Информациите во известувањето мора да бидат транспарентни, разбирливи и во лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Известувањето е отпечатено во А4 формат.

Образецот за известувањето е даден како прилог бр.2 кој е соствен дел од овој правилник.

**Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци**

**Член 15**

Во актот за начинот на вршење на видеонадзор контролорот го пропишува начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор согласно членовите од 16 до 26 од Законот за заштита на личните податоци.

За остварување на правата Општината донесува

Изјава за приватност, образец бр.3, која претставува составен дел од овој правилник .

Изјавата за приватност е објавена на видно место во Општина Битола.

**Технички спецификации на опремата**

**Член 16**

Виедо надзорот во Општина Битола се состои од:

1.Десет (10) внатрешни камери DAHAU DH HAC-HVF 1800TL-A-0360B,IR Bullt,8 Mpix,4K резолуција со фиксен објектив,инфрацрвено осветлување,детекција на движење и минимум IP66 заштита.

2.Четиринаестет(14) надворешни камери DAHAU DH HAC-HDW 1800MP IR Dome,8 Moix,4K резолуција со фиксен објектив,инфрацрвено осветлување,детекција на движење и минимум IP66 заштита.

3. Два (2) 16-канални DVR-4K снимачи XVR DAHAU DH 7116HE-4KL-X,Со 4K резолуција за снимање на секој канал,препознавање на лица.

4.Два (2) хард дискови за снимање во DVR -HDD DAHAU, капацитет 4TB,24/7 во видео формат.

Камерите се наоѓаат во зградата на Општина Битола,зградата на Општинскиот инспекторат, дворот и паркин просторот во Општина Битола.

**Неовластен пристап и/или откривање (Нарушување на приватност)**

**Член 17**

Сите случаи на забележано неовластено обелоденување на видео записи од системот треба да бидат пријавени во согласност со Законот за заштита на лични податоци, Правилникот за видеонадзор на Општина Битола.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Престанување на важење**

**Член 18**

Со денот на влегување во сила на овој правилник,престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во службените простории во Општина Битола бр.08/1778/1 од 22.07.2011 година.

**Влегување на сила**

**Член 19**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола''.

Општина Битола

Градоначалник

Тони Коњановски

Прилог 1,Изјава за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор.

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.), на ________________________________ ја давам следната

**ИЗЈАВА**
**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци**
**преку системот за вршење на видеонадзор**

Јас долупотпишаниот/ната, ________________________________, ________________________________, во Одделението за ________________________________, во Секторот за ________________________________, во ________________________________, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во ________________________, се обврзувам дека:

- **ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;**
- **ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;**
- **ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од ____________________________;**
- **на трети лица надвор од ____________________ и на други лица од ____________________________ нема да издавам било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при работата во ________________________________**

Потпис,

____________________

Прилог 2,Известување за вршење на видео надзор,




Дополнителни информации ќе најдете:
- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)

**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:**

**Контакт информации:**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:**

**Права на субјектите на лични податоци:** Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

[1] ***Забелешка***:*Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*

Прилог-3 - Изјава за приватност при вршење на видео надзор,

**ИЗЈАВА**

**ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР**

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Општина Битола(во натамошен текст:Контролор),ги собира од вас при посета на службените простории и како Контролор ги користи овие податоци.

**1.Зошто собираме(обработуваме)лични податоци?**

-да се контролира пристапот до објектити(згради,влезови,простории),и да се обезбеди сигурност на објектите,безбедност на вработените во Контролорот и посетителите,како и на имотот и информациите кои се лоцирани или се чуваат кај Конролорот.

-за да се спречи,одврати и ,доколку е потребно,да се испита неовластен физички пристап,вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории,ИТ инфраструктура или оперативни информации.

-да се спречи,открие и да се испита кражба на опремата или средствата во сопственост на Контролорот,посетителите или вработените, и заканите по безбедноста на вработените(пожар.физички напад).

Системот за видео надзор не се користи за ниту една друга цел,како на пример да се следи работата на вработените,или нивното присуство.Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор.Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места ,но не и да се препознаваат лица.

Системот за видео надзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дициплински постапки,освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци.(Во исклучителни околности,податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дициплинска или кривична истрага.)

Камерите за видео надзор се инсталираат на DVR уред и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените простории,(влезот во зградите на Општина Битола)вклучително и имотот,паркин просторот и дворот на Општина Битола.

**2.Какви податоци собира Конролорот?**

Конртролорот собира само слики фатени на камерите.при што не се врши тонско снимање.

**3.Кој е одговорен за обработката на личните податоци преку системот за видео надзор?**

Контролорот е субјект кој ја врши обработката на личните податоци и кој ги утврдува целите на обработката,единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за начинот на вршење на видео надзор.

**4.Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за виедо надзор?**

Правниот основ е согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци и правилникот за начинот на вршење видео надзор.

На влезот на Контролорот видливо и јасно е истакнато известување за видео надзор кое му овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот,како и за називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**5.Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор кои се надлежни за водење на евиденција на лица кои влегуваат и излегуваат од просториите на Општина Битола.Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е органичен,заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците(лозинка,запис,за секој настан или акција од вработените односно овластените лица).До податоците,односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на Контролорот.

**6.Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да испратите официјално барање до седиштето на Општина Битола на Ул.Билевар 1-ви Мај бр.61 или на електронска адреса bitola@t.mk

**7.Дали можем да пристапам до моите лични податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно,со испраќање на барање до Општина Битола или преку електронска пошта bitola@t.mk

**8.Дали можам да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видеозаписите од системот на видео надзор.

**9.Дали може да побарам ограничување на обработката на моите податоци преку системот за видео надзор?**

Вие имате право да побарате ограничување на обработката на личните податоци во секое време со испраќање на барање на официјалната електронска адреса . bitola@t.mk.или до седиштето на Општина Битола на Ул.Булевар 1-ви Мај бр.61.,кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци,или кога на Контролорот повеќе не му се потрбни податоците за извршување на неговите задачи.Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско.Сепак,блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10.Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги ибришите вашите податоци во секое време со испраќање на барање на официјалната електронска адреса bitola@t.mk или пак седиштето на Општина Битола,кога обработката е незаконска.

**11.Дали се споделуваат моите податоци?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот,освен ако не побарате од Контролорот, или пак дадете согласност истите да бидат споделени.Во случај на споделување на вашите податоци со трети страни,ќе бидете известени на кого се откриени,за која цел и врз кој законски основ.

**12.Дали имам право на приговор?**

Да,имате право на приговор и да се спротиставите на обработката во било кое време, со испраќање на барање на официјалната електронска адреса bitola@t.mk или пак седиштето на Општина Битола на Ул.Булевар 1-ви Мај бр.61,кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација.Контролорт ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

**13.Што можам да направам во случај на проблем?**

А) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до bitola@t.mk и да побарате да превземе акција.

Б) Вториот чекор,ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од одговорот,контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на oficer@bitola.gov.mk

В) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на лични податоци-www.azlp.mk,која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донеси потребните мерки.

**14.Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот

**15.Безбедност на личните податоци**

Контролорот е посветен на заштитата на вашите лични податоци.Затоа,користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап,потреба или откривање.Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски систем со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16:Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци 30 календарски денови по вашата посета во нашите простории,по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.

Општина Битола

Градоначалник

Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 08-633/3
08-06-2023 20 год.
БИТОЛА

**ИЗЈАВА**

**ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР**

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Општина Битола(во натамошен текст:Контролор),ги собира од вас при посета на службените простории и како Контролор ги користи овие податоци.

**1.Зошто собираме(обработуваме)лични податоци?**

-да се контролира пристапот до објектити(згради,влезови,простории),и да се обезбеди сигурност на објектите,безбедност на вработените во Контролорот и посетителите,како и на имотот и информациите кои се лоцирани или се чуваат кај Конролорот.

-за да се спречи,одврати и ,доколку е потребно,да се испита неовластен физички пристап,вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории,ИТ инфраструктура или оперативни информации.

-да се спречи,открие и да се испита кражба на опремата или средствата во сопственост на Контролорот,посетителите или вработените, и заканите по безбедноста на вработените(пожар.физички напад).

Системот за видео надзор не се користи за ниту една друга цел,како на пример да се следи работата на вработените,или нивното присуство.Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор.Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места ,но не и да се препознаваат лица.

Системот за видео надзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дициплински постапки,освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци.(Во исклучителни околности,податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дициплинска или кривична истрага.)

Камерите за видео надзор се инсталираат на DVR уред и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените простории,(влезот во зградите на Општина Битола)вклучително и имотот,паркин просторот и дворот на Општина Битола.

**2.Какви податоци собира Конролорот?**

Конртролорот собира само слики фатени на камерите.при што не се врши тонско снимање.

**3.Кој е одговорен за обработката на личните податоци преку системот за видео надзор?**

Контролорот е субјект кој ја врши обработката на личните податоци и кој ги утврдува целите на обработката,единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за начинот на вршење на видео надзор.

**4.Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за виедо надзор?**

Правниот основ е согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци и правилникот за начинот на вршење видео надзор.

На влезот на Контролорот видливо и јасно е истакнато известување за видео надзор кое му овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот,како и за називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**5.Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор кои се надлежни за водење на евиденција на лица кои влегуваат и излегуваат од просториите на Општина Битола.Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е органичен,заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците(лозинка,запис,за секој настан или акција од вработените односно овластените лица).До податоците,односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на Контролорот.

**6.Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да испратите официјално барање до седиштето на Општина Битола на Ул.Билевар 1-ви Мај бр.61 или на електронска адреса bitola@t.mk

**7.Дали можем да пристапам до моите лични податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно,со испраќање на барање до Општина Битола или преку електронска пошта bitola@t.mk

**8.Дали можам да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видеозаписите од системот на видео надзор.

**9.Дали може да побарам ограничување на обработката на моите податоци преку системот за видео надзор?**

Вие имате право да побарате ограничување на обработката на личните податоци во секое време со испраќање на барање на официјалната електронска адреса . bitola@t.mk.или до седиштето на Општина Битола на Ул.Булевар 1-ви Мај бр.61.,кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци,или кога на Контролорот повеќе не му се потрбни податоците за извршување на неговите задачи.Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско.Сепак,блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10.Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги ибришите вашите податоци во секое време со испраќање на барање на официјалната електронска адреса bitola@t.mk или пак седиштето на Општина Битола,кога обработката е незаконска.

**11.Дали се споделуваат моите податоци?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот,освен ако не побарате од Контролорот, или пак дадете согласност истите да бидат споделени.Во случај на споделување на вашите податоци со трети страни,ќе бидете известени на кого се откриени,за која цел и врз кој законски основ.

**12.Дали имам право на приговор?**

Да,имате право на приговор и да се спротиставите на обработката во било кое време, со испраќање на барање на официјалната електронска адреса bitola@t.mk или пак седиштето на Општина Битола на Ул.Булевар 1-ви Мај бр.61,кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација.Контролорт ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

**13.Што можам да направам во случај на проблем?**

А) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до bitola@t.mk и да побарате да превземе акција.

Б) Вториот чекор,ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од одговорот,контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на oficer@bitola.gov.mk

В) Во секое време можете да поднесте барање до Агенцијата за заштита на лични податоци- www.azlp.mk.која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донеси потребните мерки.

**14.Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот

**15.Безбедност на личните податоци**

Контролорот е посветен на заштитата на вашите лични податоци.Затоа,користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап,потреба или откривање.Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски систем со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16:Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци 30 календарски денови по вашата посета во нашите простории,по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.

Општина Битола

Градоначалник

Тони Коцановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-6541/1
12.6. 2023 год.
БИТОЛА

**ОПШТИНА БИТОЛА**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија бр.5/02''), и член 119 и 120 од Законот за Заштита на личните податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 '') и член 47 од Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20''), Градоначалникот на Општина Битола донесе,

## ПРАВИЛНИК
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие Правила се пропишуваат техничките и организациските мерки кои ги применува Општина Битола во својство на контролор заради обезбедување безбедност и заштита на обработка на личните податоци,

Општина Битола ја евидентира и ја чува целокупната документација за софтверските програми за обработка на личните податоци и за сите негови промени.

Одредбите од овие правила се применуваат за:

-Целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци, и

-Друга рачна обработка на личните податоци, што се дел од постојана збирка на лични податоци, или се наменети да бидат дел од збирка на личните податоци.

### 2.БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Примена на нивоа на мерки за безбедност на обработката на лични податоци**

**Член 2**

1.Општина Битола применува технички и организациски мерки кои обезбедуваат тајност и заштита на обработката на личните податоци соодветно на природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците при нивната обработка.

2.Техничките и организациските мерки од ставот (1) на овој член се применуваат пропорционално и на активностите за обработка на личните податоци, се класифицирани во две нивоа:

- Стандардно и
- Високо ниво.

3. Техничките и организациските мерки на стандардно ниво се применуваат задолжително на сите збирки на лични податоци.

4.За документите кои содржат: посебни категории на лични податоци, лични податоци кои се обработуваат за полициски цели и лични податоци кои се обработуваат заради заштита на државната безбедност и одбраната на Република Северна Македонија, за документите кои се пренесуваат преку електронско— комуникациската мрежа а содржат посебни категории на лични податоци и/или единствен матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки на стандардно и високо ниво.

5.Податоците кои содржат ЕМБГ се издаваат само доколку барањето на податокот е поднесен лично од лицето, ако се обработува по службена должност од страна на контролорот, или, е предмет од збирката на лични податоци, како и во други случаи определени со закон.

**Управување со ризик**

**Член 3**

(1) Општина Битола при утврдувањето и проценката на ризикот(управување со ризик),ги зема во предвид ризиците кои се поврзани со обработката,особено од случајно или незаконско уништување,губење,менување,неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените,зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

(2) Управувањето со ризикот од ставот (1) на овој член ги опфаќа следните фази:

а) Список(преглед) на сите процеси со кои се врши обработка на лични податоци,

б) Проценка на ризиците за секој процес на обработка на личните податоци,

в) Спроведување и проверка на планираните мерки,и

г) Спроведување на периодични безбедносни проверки.

(3) Списокот на процеси со кои се врши обработка на лични податоци од став (2) точка А на овој член преку целосно или делумно автоматизирана обработка на личните податоци или друга обработка на личните податоци,треба најмалклу да ги опфати:

-Хардверот(сервери,лаптопи,хард дискови и други медиуми),

-Софтверот(оперативни системи и софтверски програми развиени за потребите на Контролорот),

-Комуникациски канали(оптички кабли,интернет,безжична мрежна технологија)

-Документи во хартиена форма.

(4) Процената на ризиците од ставот(2) точка Б на овој член,треба најмалку да ги опфати:

(а) Утврдувањето на потенцијалните влијанија и ефекти врз правата и слободите на физичките лица на кои се однесува и тоа за следните потенцијални закани:

-неовластен пристап до личните податоци,

-непосакувани промени,

-привремена или целосна недостапност до личните податоци.

(б) Идентификување на изворите на ризик кој што може да биде причина за секој непосакуван настан,а имајќи ги предвид внатрешните и надворешните човечки ресурси(на пример:администраторот на информацискиот систем,овластеното лице,надворешен напаѓач),како и други внатрешни и надворешни извори(на пример:вода,опасни материјали,пожар,вирус),

(в) Идентифукување на можните закани кои би можеле да се случат преку медиуими од кои зависат личните податоци(хардвер,сотвер,комуникациски канали,документи во хартиена форма),а кои може да бидат:употребени несоодветно,изменети,изгубени,оштетени,препотоварени,набљудувани.

(г) Утврдување на постојни или планирани мерки што овозмужуваат решавање на секој ризик(контрола на пристап,сигурносни копии,информациска ревизорска трага,безбедност на просториите,криптирање или анонамизација).

(д) Оценување на сериозноста и веројатноста на ризиците,во однос на претходните елементи предвидени во овој случај(на пример:скала што може да се користи за проценка и тоа-злонамерна,умерена,значајна и максимална).

(5) Контролорот задолжително врши спроведување и проверка на плинарината мерки од став(2) точка в) на овој член,а со цел да се обезбеди дека тие се применуваат и тековно се тестираат.

(6) Контролорот задолжително спроведува периодични безбедносни проверки од став (2) точка г) на овој член,за што подготвува акционен план.чија импементација се следи од страна на раководството на контилорот.

## 3.СТАНДАРДНО НИВО

### Документација за технички и организациски мерки

### Член 4

(1) Контолорот во Политиката за системот за заштита на личните податоци ги утврдува начелата за безбедност и за штита на личните податоци.
(2) Врз основа на политиката,контролорот донсува подетални политики и процедури во кои се опишани техничките и организациските мерки за овластените лица кои имаат пристап до личните податоци и до информацискиот систем и инфраструктура.
(3) Документираните процеси од ставот(2) на овој член,особено се однесуваат на :

- идентификација,оценка и класификација на ризикот на процесите со кои се врши обработката(анализа на ризик),
- општ опис на техничките и организациските мерки за безбедност,
- активности за обука и подигнување на свеста на раководството и вработените,

- дизајнирање,развивање и одржување на софтверски програми за обработка на личните податоци,а особено од аспект на техничката и интегрирана заштита (Data protection by design and by default),

- начин на обезбедување на автентифакиција,

- Начин на обезбедување на контрола на пристап до информациските систем(до оперативните системи,заштитните системи,серверот,базите на податоци,системот за управување со документи(DMS System),софтверот за управување со врски со клиенти(CRM Software),

- начин на управување со инциденти,

- начина на обезбедување на опремата на контролорот,

- начин на обезбедување на преносливите мадиуми,

- начин на заштита на внатрешната мрежа,

- начин на обезбедување на серверите и веб-страницата,

- начин на евидентирање и чување на документацијата,

- начинот на обработка на псевдомизираните лични податоци,

- начинот на процесите за пријавување,реакција и санирање на инциденти,

- начин на правење на сигурносна копија,архивирање и чување,како и повторно враќање на зачуваните податоци,

- начинот на уништување на документите,како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,

- физичка безбедност,

- начин на ангажирање и контрола на надворешните обработувачи,

- начин на вршење на периодични контроли.

(4) Документацијата од ставовите (2) и (3) на овој член,контолорот ја менува и дополнува кога ќе се направат промени во информацискиот систем и инфраструктура,а најмалку еднаш годишно врши нејзино оценување,еваулација и ажурирање.

**1.Технички Мерки**

**Член 5**

Општина Битола применува соодветни технички мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и тоа:

1. Единствено корисничко име и лозинка за секое овластено лице;

2. Лозинка составена од комбинација од осум алфанумерички карактери – (букви мали и големи) и специјални знаци;

3. Корисничкото име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, пристап до поединечни апликации и/или поединечни збирки на личните податоци потребни при извршување на работните задачи;

4. Најавата во информацискиот систем во кој се обработуваат, чуваат и управуваат податоците преку воспоставените системи преку квалификуван дигитален сертификат и единствено корисничко име и лозинка за секое овластено лице на дигиталниот сертификат;

5. Евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем и постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап;

6. Правилата на доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на лозинки, и автоматско менување по изминат период од три месеци;

7. Криптирање на личните податоци;

8. Автоматизирано одјавување од информацискиот систем по изминување на одреден период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно и одново внесување на корисничкото име и лозинката;

9. Автоматизирано отфрлање на информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничо име и лозинка) и автоматизирано известување на корисникот дека треба да побара упатство од администраторот на системот;

10. Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера („фајервол“) или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;

11. Ефективна и сигурна антивирусна и антиспајвер заштита на инфомацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;

12. Ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови;

13. Приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преу уред за непрекинато напојување;

14. Обезбедување на вебстраницата на Општина Битола со примена на технички мерки со кои го гарантира точниот идентитет на страницата, како и доверливоста на информациите на страницата;

15. Редовно ажуриран антивирусен софтвер и дефинирана политика за редовни ажурирања на софтверските програми;

16. Зачувување на податоците на корисниците на серверите на контролорот за кои редовно се прави сигурносна копија, а во случај кога податоците се зачувуваат локално, задолжително со мерки за синхронизација или со резервни дополнителни мерки за заштита врз основа на анализа на ризикот.

17. Ограничување на опцијата за приклучување на преносливите медиуми (УСЕ, надворешни хард дискови и сл.) кон системите со примарна важност;

18. Исклучен автоматско режим на работа за преносливите медиуми (Disabe autorun for removable media);

19. Алатките за далечинска администрација мора да бидат нагодени на начин што претходно задолжително треба да обезбедат согласност од овластеното лице од Општина Битола на работната станица на корисникот пред каква било интервенција на самата работна станица;

20. Нагодување на информацискиот систем кое ќе обезбеди дека овластеното лице од Општина Битола врши далечинска администрација на работната станица на корисникот, како и за тоа кога истата завршила (на пример со прикажување на порака на екранот дека далечинската администрација завршила);

21. Забрана на работа со преземени софтверски програми кои не доаѓаат од безбедни извори;

22. Ограничување на употребата на софтверски програми што бараат администраторски права;

23. Бришење на податоците што се наоѓаат на работна станица која треба да се предаде;

24. Ажурирање на софтверските програми кога се идентификуваат и ги коригираат критичните недостатоци;

25. Инсталиратње на ажурирања на оперативните системи со автоматска верификација согласно процената на ризик, а најмалку еднаш неделно и

26. Подигнување на нивото на свесност во однос на тоа, на што овластените лица треба да се посветат и податоци за контакт на лицата што треба да ги контактираат во случај на инцидент или појава на необичен настан што влијае на информациите и комуникацијата на системите на контролорот.

**Обезбедување на преносливите медиуми**

**Член 6**

(1) Општина Битола согласно анализата на ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци во случај на кражба или друг начин на загуба на преносливите медиуми (мобилна опрема) на кои се врши обработка на личните податоци применува соодветни технички мерки и тоа:

- Подигање на свеста на овластените лица за специфичните ризици поврзани со користење на преносливи медиуми и преземање на мерки за намалување на ризици.

- Употреба на услуги во облак (cloud services) за правење на сигурносни копии само по претходна анализа на нивните услови и безбедносни гаранции.,

-Заштита на внатрешната мрежа.

**Заштита на внатрешна мрежа**

**Член 7**

(1) Општина Битола обезбедува заштита на својата внатрешна мрежа преку овозможување само на неопходните мрежни функции потребни за обработка на личните податоци, а особено преку:

- Ограничување на пристапот до интернет со блокирање на несуштинските услуги и сервиси (VoIP, peer to peer. итн.);

- Управување со WI-Fi мрежата кое опфаќа користење на најсовремените методи на криптирање (WPA2 или WPA2-PSK и со употреба на комплексна лозинка која на определен временски период се менува);

- Во случај на далечински пристап, задолжително воспоставување на VPN конекција, со задолжителна автентикација на овластеното лице со употреба на квалификуван дигитален сертификат:

- Обезбедување ниту еден административен панел за управување со содржина и нагодување на системот да не биде директно достапен преку интернет (далечинското одржување задолжително да се изврши преку VPN); и

- Ограничување на мрежниот сообраќај со филтрирање на влезниот/појдовниот сообраќај на опрема со заштитен ѕид и прокси сервери.

**Обезбедување на серверите**

**Член 8**

(1) Примената на техничките и организациски мерки за серверите на Општината на кои се централизира обработката на голема количина на лични податоци, задолжително опфаќа:

- пристап до алатките и административни панели на серверите може да имаат единствено овластените лица од страна на контролорот,

- примена на овластувања со помалку привилегии за лицата кои не се администратори на информацискиот систем (вообичаени операции за стандардни корисници),

- примена на посебна политика за креирање и употреба на лозинките

- инсталирање на сите важни ажурирања (updates) за оперативните системи и за апликациите во временски интервал врз основа на анализата на ризикот, но не подолго од седмично. ажурирање со нагодување на системот за автоматско ажурирање (auto update);

- правење на сигурносни копии и нивна редовна проверка; и

- да се проверерува -примената на TLS протокол (со замена на SSL13) или друг протокол што обезбедува шифрирање и автентикација, како минумум, за каква било размена на податоци преку интернет и потврда на нејзината соодветна примена преку соодветни алатки.

(2) Во случај кога се врши администрирање на базите на податоци, се применуваат следните мерки:

- употреба на персонализирани профили за пристап до базите на податоци и креирање на посебно корисничко име за секоја апликација (specific account for each application); и

- примена на мерки против напади преку инјектирање на SQL под, скрипти и слично.

**Обезбедување на веб-страниците на контролорот**

**Член 9**

(1) За веб-страницита на Општина Битола се применуваат технички мерки со кои се гарантира точниот идентитет на страницата (pharming prevention), како и доверливоста на информациите што ги испраќа или ги собира преку веб-страницата, и тоа особено преку следниве мерки:

- Имплементација на криптографски протокол (TLS заменувајќи го SSL) на сите веб страници, користејќи ја единствено најновата верзија и со проверка на неговата правилна имплементација;

- Задолжителна употреба на криптографски протокол (TLS) за сите страници од вебстраницата, вклучително и формулари за собирање лични податоци или овозможување автентикација на корисникот и на оние на кои се прикажани или се пренесуваат лични податоци кои не се јавно достапни;

- Ограничување на портите за комуникација на оние кои се строго потребни за правилно функционирање на инсталираните апликации. Ако веб серверот прифаќа само врски со HTTPS протокол, само IP мрежен сообраќај кој влегува преку портата 443 е дозволен, а сите други пристапни порти мора да бидат блокирани;

- Пристап до алатките и административните интерфејси, можат да имаат овластените лица со администраторски привилегии кои се дел од тимот одговорен за информатичката технологија и само за административни активности што се неопходни; и

- Ако се користат колачиња што не се потребни од услугата, се обезбедува претходна согласност од интернет корисникот откако ќе го извести корисникот, а пред да се депонира колачето;

(2) Не треба да применуваат практики кои го зголемуваат ризикот од можна злоупотреба, несакана (случајна) или намерна неовластена обработка на личните податоци, а особено:

- Да не пренесуваат лични податоци преку URL без примена на протокол за криптирање (на пример идентификатории или лозинки);

- Користење на небезбедни услуги;

- Употреба на сервери кои хостираат бази на податоци или сервери како работни станици, особено не за пребарување на веб-страници, пристап до електронски пораки и слично;

- Поставување на базите на податоци на сервери кои се директно достапни преку интернет; и

- Споделување и употреба на корисничките сметки (user accounts) помеѓу две или повеќе овластени лица.

**Администратор на информацискиот систем и овластените лица**

**Член 10**

(1) Систем администратор е стручно лице од информатичко-комуникациска област, вработено во Општина Битола, кое се грижи за функционалност на информацискиот систем во смисла на обезбедување на интегритетот и сигурноста на податоците, на апликацијата за пристап до податоците и на техничката опрема која е во функција на информацискиот систем, како и за обезбедување тајност и заштита на податоците.

(2) Информацискиот систем на Општина Битола е целокупниот систем составен од персонални компјутери, сервери и комуникациска опрема, опрема за обезбедување сигурност на податоците, базата на податоци, апликацискиот сервер и останатите апликации и опрема кои се користат за обработка на податоци.

(3) Обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем е дефиниран и утврден во Правила за определување на обрските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица.

(4) Офицерот за заштита на личните податоци задолжително врши периодична контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и изготвува извештај за извршената контрола.

(5) Во извештајот треба да се содржани констатираните неправилности и предложените мерки за отстранување на тие неправилности.

**Обврски и одговорности на овластените лица**

**Член 11**

(1) Обврските и одговорностите на секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информацискиот систем, Општина Битола ги дефинира и утврдува во Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица.

(2) Општина Битола задолжително ги информира овластение лица од ставот (1) на овој член со документацијата за технички и организациски мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Идентификација и проверка**

**Член 12**

Општина Битола задолжително води евиденција за овластение лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како и воспоставува постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап.

(1) Кога проверката се врши врз основа на корисничко име и лозинка, Општина Битола секогаш ги применува правилата кои ја гарантираат нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.

(2) Лозинките треба автоматски да се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од три месеци.

(3) Со цел да обезбеди идентификување на секој неовластен (измамнички) пристап или злоупотреба на лични податоци,како и да се утврди потеклото на овие инциденти, Општина Битола воспоставува и води евиденција за секој пристап до информацискиот систем — logs (од оперативните системи, од заштитниот ѕид (firewall). серверот дизајниран специјално за употреба како сервер за датотеки (file server),

(4) Базите на податоци, системот (софтверот) за управување со документи (DMS System)

(5) Офицерот за заштита на личните податоци назначен во Секторот за ИКТ и/или од друго овластено лице од контролорот кое ги има потребните знаења и вештини, но нема администраторски привилеги, врши контрола на евидентирање на податоците од ставовите (2) и (3) на овој член,најмалку еднаш месечно изготвува извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.Евиденцијата од ставот (1) на овој член се чува најмалку пет години.

(6) Овластените лица за управување со системот за евиденција за пристап до информацискиот систем го известуваат раководството, раководителот на секторот за ИКТ и Градоначалникот за која било аномалија или безбедносен инцидент,,, веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од моментот на инцидентот.

(7) Раководителот на секторот ИКТ или овластеното лице за управување со системот на евиденција ја известува Агенцијата за заштита на личните податоци за секое нарушување на безбедноста на личните податоци, а доколку постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, и субјектите на личните податоци за да можат да ги ограничат последиците од нарушувањето на безбедноста.

**Контрола на пристап**

**Член 13**

(1) Овластените лица задолжително имаат авторизиран пристап само до личните податоци и информатичко-комуникациска опрема кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи.

(2) Општина Битола воспоставува механизми за да се оневозможи пристап на овластени лица до личните податоци и информатичко-комуникациска опрема со права различни од тие кои се авторизирани.

(3) Администраторот на информацискиот систем кој е овластен согласно Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица, може да доделува, менува или да го одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко- комуникациската опрема само врз основа на налог даден од страна на Градоначалникот на Општина Битола, а во согласност со критериуми кои се утврдени од страна на Општината.

**Превенирање, реакција и санирање на инциденти**

**Член 14**

(1) Општина Битола изготвува План (Правила) за превенирање, реакција и санирање на инциденти на својот информациски систем и список на овластените лица кои се одговорни за превенирање, како и за навремено повторно воспоставување на достапноста до личните податоци и пристапот до нив во случај на настанат физички или технички инцидент.

(2) Општина Битола ги определува постапките кои се применуваат за повторно враќање на личните податоци и начинот на евидентирање на овластените лица од ставот (1) на овој член, кои ги извршиле операциите за повторно враќање на личните податоци, категориите на личните податоци кои се вратени или кои биле рачно внесени при враќањето.

(3) Превенирањето на инцидентите ги опфаќа сите мерки и контроли утврдени со овој правилник, а врз основа на спроведената анализа на ризик опфаќа (користење на непрекинато напојување за да се заштити опремата што се користи за обработка на личните податоци, едновремена употреба на повеќе уреди во низа за зачувување на личните податоци /RAID технологија/, редовно тестирање на функционалноста на уредите и слично).

**Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци (обезбедување и континуитет)**

**Член 15**

(1) Општина Битола врз основа на анализата на ризикот прави сигурносни копии на личните податоци на редовни временски интервали со цел да го намали ефектот во случај на нивно непосакувано губење или оштетување.

(2) Сигурносните копии од ставот (1) на овој член треба да се прават и тестираат редовно, за што се усвојува План за обезбедување континуитет (business continuity plan) кој ги предвидува сите можни инциденти (на пример: хардверски инцидент).

(3) Општина Битола прави фрагментирана (incremental back-up), односно поединечна копија на дневна основа во однос на сите настанати промени во текот на денот, а целосна сигурносна копија (full back-up) во редовни временски интервали по негова оценка, а

најмалку еднаш месечно, на начин кој ќе гарантира повторно воспоставување на достапноста до личните податоци во случај на настанат физички или технички инцидент.

(4) Општина Битола задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии за вршење на реконструкција на личните податоци.

(5) Сигурносните копии се чуваат надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и се физички и криптографски заштитени, заради оневозможување на каква било модификација

(6) Во однос на сигурносните копии се применува истото безбедносно ниво на технички и организациски мерки како и за податоците кои се зачувани на оперативните сервери на кои се врши обработка на личните податоци со криптирање на сигурносните копии, со чување на безбедно место на сигурносната копија за кое се применети мерки и контроли кои го минимизираат ризикот од поплава, пожар, кражба и слично.

**Начин на архивирање на податоците**

**Член 16**

(1) Општина Битола, во однос на личните податоци за кои се уште не истекол рокот за нивно чување согласно закон, а за кои престанала потребата од нивна непосредна и секојдневна обработка, врши архивирање на безбеден начин, особено ако архивираните податоци се чувствителни податоци (посебни категории на лични податоци), или податоци што можат да имаат сериозно влијание врз субјектите на личните податоци, доколку бидат компромитирани.

(2) Општина Битола ја пропишува постапката за управување со архивскиот материјал во однос на тоа кои податоци треба да се архивираат, како и каде се чуваат и кој. како и под кои услови има пристап до нив.

(3) Општина Битола изготвува „список (преглед) со рокови на чување на личните податоци во кој се содржани информации за моментот на активирање на периодот (рокот) за чување на личните податоци, идентификуваните периоди (рокови) за чување на личните податоци, причините за чување на личните податоци, законскиот основ за чување на личните податоци и сопственикот на податоците, кој се ревидира и усогласува годишно согласно промените во работењето и законските услови за чување на личните податоци.

**Управување со медиуми**

**Член 17**

(1) Општина Битола, воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се примаат, со цел да се овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој

е примен, датум и време на примање, испраќач, број на медиуми кои се примени, видот на документот кој е снимен на медиумот, начин на испраќање на медиумот, име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат и за евидентирање на медиумите кои се испраќаат од страна на Општина Битола.

(3) Преносливите медиуми на кои се врши обработка на личните податоци треба да се чуваат на локација до која пристап имаат само овластените лица утврдени со овој Правилник.

(4) Пренесувањето на медиумите надвор од работните простории се врши само со претходно овластување од страна на градоначалникот на Општина Битола.

(5) За пренесените медиуми надвор од работните простории на Општина Битола, се преземаат неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив. Медиумите можат да се пренесуваат надвор од работните простории ако личните податоци се криптирани или ако се заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи, при што само администраторот на информацискиот систем може да ги декриптира или лице овластено од него.

(6) По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот треба да се уништи, избрише или да се исчисти од личните податоци снимени на него.

(7) Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови при што истиот да не може да биде употреблив .

(8) Бришењето или чистењето на медиумот треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на снимените лични податоци.

(9) За случаите од ставовите (7) и (8) на овој член се обезбедува информациска трага (на пример: записник), која ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци кои биле снимени на истиот.

**Криптирање на личните податоци**

**Член 18**

(1) Личните податоци можат да се пренесуваат преку елетронско-комуникациската мрежа само ако се криптирани или ако се посебно заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи при преносот.

(2) Криптирањето на личните податоци, се врши со примена на најсовремени технички решенија за криптирање со кои го обезбедува интегритетот,доверливоста и автентичноста на личните податоци, безбедни алгоритми за криптирање, а воедно обезбедува заштита на тајните клучеви за криптирање со ограничувачки права за пристап и посебно креирана безбедна лозинка за пристап.

(3) Општина Битола,донесува внатрешна процедура во која задолжително се пропишува начинот на управување со тајните клучеви и сертификати, земајќи го предвид и управувањето со ризикот на заборавени лозинки.

**Физичка безбедност на информацискиот систем**

**Член 19**

(1) Серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, се физички лоцирани, хостирани и администрирани од страна на контролорот.

(2) Општина Битола обезбедува зајакнато ниво на безбедност во однос на просториите во кои се сместени и се чуваат серверите и мрежната опрема преку кои се врши обработка на личните податоци и тоа:

- Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само лица посебно овластени од Градоначалникот,.

- Просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците преку примена на мерки и контроли за превенција од кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење;

- Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата тогаш тоа лице ќе придружувано и надгледувано од лицето овластено од Градоначалникот на Општина Битола.

- Ажуриран список на лица кои се овластени да влезат во просториите каде се чува опремата.;

- Одржување па просториите за серверите (климатизација, UPS, итн.).

- Водење на евиденција за пристап до просториите каде што се чуваат серверите кои содржат лични податоци:

-(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на контролорот.

(4) Во случајот од ставот (2) на овој член, меѓусебните права и обврски на Општина Битола и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, се уредуваат со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи мерки за безбедност на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

**Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура**

**Член 20**

(1) Офицерот за заштита на личните податоци врши периодични контроли заради следење на усогласеноста на работењето на контролорот со прописите за заштита на личните податоци и со донесената документација за технички и организациски мерки.

(2) Информацискиот систем и информатичката инфраструктура на Општина Битола, задолжително подлежат на годишна внатрешна контрола со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во (техничките и организациските мерки кои се применуваат) правилата и политиките за безбедност на личните податоци се применуваат, и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**Управување со обработувачи**

**Член 21**

(1) Општина Битола обезбедува заштита на лични податоци во електронска форма при нивната размена кон надворешните субјекти, преку безбедносни системи со овозможување на криптирана врска за размена на строги правила за идентификација при размена.

(2) Меѓусебните права и обврски на Општина Битола и обработувачот мора да бидат уредени со договор при што Општина Битола пред да го склучи договорот е должна да побара од обработувачот (давател на услугата), да му ја презентира својата безбедносна политика во однос информацискиот систем и информатичкта инфраструктура на која ќе се врши обработката на личните податоци во име на контролорот.

(3) Безбедносната политика од ставот (2) на овој член треба да содржи податоци со кои ќе се гарантита безбедноста на личните податоци, и тоа:

- дали и како се врши криптирање на податоците според нивната чувствителност;

- постоење на процедури кои гарантираат дека никој нема да има неовластен пристап до податоците;

- дали и како се врши криптирање на преносот на податоци;

- гаранции во однос на следливост (логови);

- управување со правата на пристап;

- автентикација; и

- други мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

(4) Договорот од ставот (2) на овој член треба да содржи одредби особено за:

- предметот, должината и целта на обработката на личните податоци;

- обврските за обработувчот да преземе технички и организациски мерки за да обезбеди безбедност на обработката на личните податоци;

- обврските во однос на доверливоста на доверените лични податоци;

- минималните стандарди за автентикација на овластените лица;

- условите за враќање ва податоците,и/или нивно уништување по истекот или раскинувањето на договорот;

- правилата за управување и известување на контролорот во случај на инциденти,односно во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци;

- обврските за обработувачот да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна па контролорот, и

- другите обврски и одговорности согласно со прописите за заштита на личните податоции со донесената документација за технички и организациски мерки.

**2.Организациски мерки**

**Организациски мерки за безбедност на личните податоци**

**(минимален стандард)**

**Член 22**

(1) Општина Битола применува соодветни организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци и тоа:

- Ограничен пристап или идентификација за пристап до тајните податоци;

-Уништување на документите по истекот на рокот за нивно чување;

- Мерки за физичка сигурност на работните простории и на информатичко комуникациска опрема на која се обработуваат личните податоци;

-Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко — комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци.

(2) Вработеното лице во Одделението за човечки ресурси во Општина Битола преку раководното лице во институцијата го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до информацискиот систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му биде избришано корисниикото име и лозинката, односно заклучена за понатамошен пристап. Известувањето се врши писмено.

Известувањето од ставот (2) на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

**Информирање и едуцирање за заштитата на личните податоци**

**Член 23**

(1) Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во Општина Битола,пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за техничките и организациските мерки.

(2) За лицата кои се ангажираат за извршување на работа во Општина Битола во договорот за нивното ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштитата на личните податоци.

(3) Пред непосредното започнување со работа на овластените лица, Раководното лице од Одделението за управување со човечки ресурси дополнително ги информира за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

(4) Лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот, пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

(5) Изјавата од ставот (4) на овој член особено содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци; ќе вршат обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот, освен ако со закон поинаку не е уредено и ке ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита

(6) Изјавата од ставот (4) на овој член задолжително се чува во досиета на лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот.

(7) Општина Битола задолжително врши континуирано информирање и едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштитата на личните податоци.

**Пристап до документите**

**Член 24**

(1) Пристапот до документите треба биде ограничен само за овластени лица во Општина Битола

(2) За пристапувањето до документите се врши идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува, и за се води евиденција за пристапи.

(3) Пристапувањето на неовластение лица до документи треба да биде во придружба на лице кое е овластено за пристапување до документите.

**Правило „чисто биро“**

**Член 25**

Општина Битола, задолжително го применува правилото „чисто биро" при обработката на личните податоци, содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

**Чување на документи**

**Член 26**

Чувањето на документите треба да се врши на начин со што ќе се применат соодветни механизми за попречување на секое неовластено отворање.

**Уништување на документи**

**Член 27**

(1) Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин, при што истите, повторно да не можат да бидат употребливи.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член комисиски се составува записник што ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот, како и за категориите на личните податоци, содржани во истиот.

**Начин на чување на документите**

**Член 28**

Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи задолжително треба да бидат сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите треба да бидат заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластени лица.

**4.ВИСОКО НИВО**

**1. Технички мерки**

**Управување со лозинки**

**Член 29**

Општина Битола, користи и обезбедува различни лозинки за секоја услуга или софтверска програма, кои соодветно се чуваат, при што пропишува Политика за управување со лозинки.

**Управување со преносливи медиуми**

**Член 30**

(1) Општина Битола, воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се примаат со цел да се овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој е примен, датум и време на примање, испраќач, број на медиуми кои се примени, вид на документ кој е снимен на медиумот, начин на испраќање на медиумот, име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

(2) За пренесените медиуми надвор од работните простории на контролорот, треба да бидат преземени неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

**Тестирање на информацискиот систем**

**Член 31**

(1) Општина Битола задолжително врши тестирање на информацискиот систем пред неговото имплементирање или по извршените промени со цел да се провери дали системот обезбедува безбедност на личните податоци, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Тестирањето од став (1) на овој член се врши преку обработка на документи кои содржат имагинарни лични податоци.

**Пренесување на медиуми**

**Член 32**

Медиумите можат да пренесуваат надвор од работните простории само ако личните податоци се криптирани или ако се заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи, при што само администраторот на информацискиот систем може да ги декриптира или лице овластено од него.

**Пренесување на личните податоци преку мрежа на електронски комуникации**

**Член 33**

Личните податоци можат да се пренесуваат преку мрежата за електронски комуникации само ако се криптирани или ако се посебно заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи при преносот.

**2.Организациски мерки**

**Копирање и умножување на документите**

**Член 34**

(1) Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено од страна на овластени лица определени со претходно писмено овластување од страна на Градоначалникот на Општина Битола и согласно процедурите во кои задолжително се утврдуваат мерките и начинот на копирањето и умножувањето на документите.

(2) Уништувањето на копиите или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе се оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

**Пренесување на документи**

**Член 35**

Во случај на физички пренос на документите, контролорот, задолжително презема мерки за нивна заштита од неовластен пристап или ракување со личните податоци, содржани во документите кои се пренесуваат.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Престанување на важење**

**Член 36**

Со денот на влегување во сила на овој правилник,престанува да важи Правилникот за техничките и опрганизациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Битола бр.08/1773/1 од 22.07.2011 година.

**Влегување во сила**

**Член 37**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола''.

Општина Битола

Градоначалник

Тони Коњановски

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија бр.5/02''), и член 66 став (6),од Законот за Заштита на личните податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20'),Градоначалникот на Општина Битола донесе,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-7481/1
04-07-2023 год.
БИТОЛА

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ПРОЦЕСОТ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат упатствата за контролорот при процесот на влијанието на заштитата на личните податоци(Во понатамошниот текст: ПВЗЛП),согласно член 39 став (1) од Законот за заштита на личните податоци, кога постои веројатност обработката да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, а особено кога се воведуваат нови технологии за обработка на личните податоци, според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и кога обработката е вклучена во Листата на видовите операции на обработка за кои се бара ПВЗЛП воспоставена од Агенцијата за заштита на личните податоци.

ПВЗЛП се спроведува пред да се започне со обработка на личните податоци, притоа се обезбедува техничка и интегрирана заштита на личните податоци, односно во фаза на планирање на операциите на обработка, како и кога некои од операциите на обработка се сè уште непознати.

По исклучок од овој член, Општина Битола како контролор, задолжително спроведува ПВЗЛП и пред да се направат значителни промени на некои постојни операции на обработка на лични податоци, а кои претходно биле проверени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 2**

Контролорот, за да определи кои операции на обработка веројатно ќе резултираат со висок ризик и за кои ПВЗЛП е задолжителна, мора да ги има во предвид најмалку еден од следните критериуми:
1. Евалуација или бодирање, вклучително и профилирање и предвидување, особено врз основа на аспекти поврзани со работењето на субјектот на лични податоци, економската состојба, здравјето, личните преференции или интереси, сигурност или однесување, локацијата или движења.
2. Автоматско донесување одлуки со правно или слично суштинско дејство, односно обработка насочена кон донесување на одлуки за субјектите на лични податоци што произведуваат правни последици за физичкото лице или на сличен начин значајно влијаат на физичкото лице.
3. Систематско набљудување, односно обработка која се користи за следење, набљудување или контрола на субјектите на лични податоци, вклучително и податоци собрани преку мрежи или „систематско набљудување на јавно достапни простори".
4. Чувствителни податоци или податоци од изразита лична природа: ова вклучува посебни категории на лични податоци кои се определени во членот 4 став (1) точка 13 од

Законот за заштита на личните податоци, како и лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела.
5. Обемна обработка на податоци. При утврдување дали обработката е обемна според околностите на секој конкретен случај, се земаат предвид следниве фактори:
- број на засегнати субјекти на лични податоци, било да е конкретен број или процент од релевантното население;
- обем на податоци и/или опфат на различни видови податоци што се обработуваат;
- траење или непрекинатост на операциите на обработка на личните податоци; и
- географскиот опсег на активностите за обработка на личните податоци.
6. Сет од лични податоци што се совпаѓаат или комбинираат, на пример оние кои потекнуваат од две или повеќе операции на обработка на лични податоци кои се извршени за различни цели и/или од различни контролори на начин што ги надминува разумните очекувања на субјектот на личните податоци.
7. Податоци кои се однесуваат на ранливи субјекти на лични податоци: обработката на овој вид на податоци е критериум заради зголемената нерамнотежа на моќта помеѓу субјектите на лични податоци и контролорите, при што физичките лица не можат едноставно да се согласат или да се спротивстават на обработката на нивните податоци или да ги остварат своите права. Ранливи субјекти на лични податоци може да вклучуваат деца, вработени, ранливи групи на кои им е потребна посебна заштита (лица со ментална попреченост, баратели на азил или постари лица, пациенти и др.). како и секој друг случај кога може да се идентификува нерамнотежа во односот помеѓу положбата на субјектот на личните податоци и контролорот.
8. Иновативна употреба или примена на нови технолошки или организациски решенија, како што се комбинирање на употреба на отпечаток од прст и препознавање на лице за подобрување на контролата на физичкиот пристап, итн.
9. Ситуации кога самата обработка ги спречува субјектите на лични податоци да остварат одредени права или да користат услуга или договор. Ова вклучува процедури за обработка кои се насочени кон овозможување, модифицирање или одбивање на пристапот на субјектите на личните податоци до одредена услуга или склучување на договор.

**Член 3**

Контролорот е исклучиво одговорен за да го спроведува ПВЗЛП,при што лицата задолжени за извршување на ПВЗЛП ги определува Градоначалникот.
Лицата задолжени за спроведување на ПВЗЛП ги документираат сите фази од спроведената ПВЗЛП при што изработуваат извештај.
Извештајот од спроведената ПВЗЛП особено содржи: опис на процесот на обработка, внатрешни и надворешни лица вклучени во процесот на спроведување на ПВЗЛП, анализа на ризик, дефинирани мерки за управување со ризикот,резиме/заклучок,акциски план,мислење на офицерот за заштита на личните податоци и на други лица вклучени во процесот,одобрувањето на ПВЗЛП од страна на Градоначалникот или друго лице овластено од Градоначалникот на Општина Битола

**Член 4**

При спроведување на ПВЗЛП може да се ангажираат надворешни лица или да се побара совет или мислење од независни експерти, а според природата на технолошките и

организациските решенија кои ќе се применуваат при операциите на обработка на личните податоци.
Доколку обработката на личните податоци за потребите на Општина Битола во целост или делумно се извршува од обработувач ангажиран од страна на Општина Битола, обработувачот е должен да му помогне на општината во спроведувањето на ПВЗЛП при што улогите, обврските и одговорностите на Општина Битола и обработувачот задолжително се дефинираат со договор согласно прописите за заштита на личните податоци.

**Член 5**

Според околностите на секој конкретен случај за кој се изработува ПВЗЛП, Општина Битола може да побара мислење од субјектите на личните податоци или нивните претставници, преку различни средства, во зависност од контекстот (на пример, општа студија поврзана со целта и средствата на процесот на обработка, со поставување на прашања до претставниците на субјектите на лични податоци, или преку анкети кои се испраќаат до идните клиенти на контролорот).
Кога конечната одлука на општината се разликува од мислењето на субјектите на лични податоци, причините за продолжување или прекин на обработката на личните податоци задолжително треба да се документираат при процесот на ПВЗЛП.
Кога Општина Битола, ќе одлучи да не бара мислење од субјектите на лични податоци (на пример: доколку со тоа би се загрозила доверливоста на работните планови во организацијата или истото е несразмерно или неизводливо), образложението за ваквата одлука треба да се документира при процесот на ПВЗЛП.

**Член 6**

Контролорот задолжително донесува соодветна Методологија за спроведување на ПВЗЛП според критериумите дадени во Прилогот бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

ПВЗЛП се спроведува во четири фази и тоа:
1. Дефинирање на контекстот – во првата фаза се дефинира контекстот на обработка и се наведуваат, односно опишуваат најмалку следниве информации:
- збирка на лични податоци;
- цел на обработката;
- движење на податоци;
- метод(и) на добивање на податоците;
- начин и средства за обработка на податоците (користена опрема, мрежи, човечки ресурси итн.);
- субјекти кои се вклучени во обработката (контролори, обработувачи, корисници итн.); и
- рок на чување.

2. Анализа на ризик – во втората фаза се идентификуваат заканите (несакани исходи), како и се одредува веројатноста и влијанието (последицата) од остварување на секој ризик.
Ризикот се изразува како функција од веројатноста да се случи несаканиот исход (заканата) и влијанието (последицата) од несаканиот исход доколку се случи.
Ризикот = (веројатност да се случи заканата) x (степен на влијанието)

Влијанието може да биде:
- ниско, кога физичките лица можат да се соочат со неколку помали непријатности, кои ќе ги надминат без проблем;
- средно, кога физичките лица можат да се соочат со значителни непријатности, кои ќе можат да ги надминат и покрај одредени тешкотии;
- високо, кога физичките лица можат да се соочат со значителни последици, кои би требало да можат да ги надминат, но со сериозни тешкотии; и
- многу високо, кога физичките лица можат да се соочат со значителни, па дури и неповратни последици, кои најверојатно нема да можат да ги надминат.

Проценката на ризикот се спроведува според начелата за заштита на личните податоци.

3. Управување со ризик – во третата фаза треба да се опфатат заштитните мерки, односно мерките на безбедност и механизмите дизајнирани да го намалат ризикот на прифатливо ниво, како и да се обезбеди заштита на личните податоци и да се прикаже усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

Мерките, исто како и кај проценката на ризикот треба да се поделат според начелата за заштита на личните податоци.

4. Составување извештај од спроведена ПВЗЛП – Контролорот ги документира сите фази на спроведување на ПВЗЛП, по што изработува извештај.

Извештајот од спроведената ПВЗЛП особено содржи: опис на процесот на обработка, внатрешни и надворешни лица вклучени во процесот на спроведување на ПВЗЛП, анализа на ризик, дефинирани мерки за управување со ризикот, резиме/заклучок, акциски план, мислење на офицерот и на другите лица вклучени во процесот, одобрување на ПВЗЛП од страна на функционерот или одговорното лице кај контролорот

**Член 8**

Градоначалникот самостојно одлучува дали Општина Битола, јавно ќе го објави извештајот од ПВЗЛП.

Општина Битола, е должна да го достави извештајот од спроведената ПВЗЛП на барање на Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Битола.

Општина Битола

Градоначалник

Тони Коњановски

Прилог бр. 1

**Графички приказ на процесот за спроведување на ПВЗЛП**




Напомена: Секоја од фазите ќе треба да се спроведе неколку пати пред да заврши ПВЗЛП.

**Критериуми за прифатлива ПВЗЛП**

Критериумите што контролорот може да ги користи за да оцени дали ПВЗЛП или методологијата за спроведување на ПВЗЛП е доволно сеопфатна за да се усогласи со прописите за заштита на личните податоци, се следни:

- ☐ процената содржи систематски опис на обработката:
  - ☐ земени се предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката;
  - ☐ евидентирани се личните податоци, примателите и периодот на чување на личните податоци;
  - ☐ даден е функционален опис на операцијата на обработка;
  - ☐ идентификувани се средства од кои зависат личните податоци (опрема, софтверски програми, мрежи, лица, документи во хартиена форма или канали за испраќање документи во хартиена форма);
  - ☐ исто така, земена е предвид усогласеноста со одобрените кодекси на однесување;
- ☐ проценета е неопходноста и пропорционалноста:
  - ☐ одредени се мерките предвидени за усогласување со прописите за заштита на личните податоци, земајќи ги предвид:
    - ☐ мерки што придонесуваат за пропорционалност и неопходност од обработка врз основа на:
      - ☐ конкретни, јасни и легитимни цели;
      - ☐ законитост на обработката;
      - ☐ соодветни и релевантни лични податоци и ограничени на она што е потребно;
      - ☐ ограничен рок на чување;
    - ☐ мерки кои придонесуваат за правата на субјектите на личните податоци:
      - ☐ информации доставени на субјектот на личните податоци;
      - ☐ право на пристап и преносливост на податоците;
      - ☐ право на исправка и бришење;
      - ☐ право на приговор и ограничување на обработката;
      - ☐ односи со обработувачите;
      - ☐ заштитни мерки кои се однесуваат на преносот;
      - ☐ претходна консултација.
- ☐ контролирани се ризиците за правата и слободите на испитаниците:
  - ☐ се проценува изворот, природата, особеноста и сериозноста на ризикот или подетално, за секој ризик (неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци) од гледна точка на субјектите на личните податоци:
    - ☐ земени се предвид изворите на ризик;
    - ☐ утврдени се можните ефекти врз правата и слободите на субјектите на личните податоците, меѓу другото, во случај на неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци;
    - ☐ идентификувани се закани што може да доведат до неовластен пристап, несакана промена и исчезнати податоци;
    - ☐ проценета е веројатноста и сериозноста;
  - ☐ предвидени се одредени мерки за да се отстранат овие ризици;
- ☐ вклучени се засегнатите страни:
  - ☐ побаран е совет од офицерот;
  - ☐ каде што е соодветно, побарани се мислења на субјектите на личните податоци или нивните претставници.

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија бр.5/02''), и член 71,став,(4),од Законот за Заштита на личните податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20'),Градоначалникот на Општина Битола донесе,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-748/2
04-07-2023 20 ___ год.
БИТОЛА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на Известувањето за обработка на лични податоци која предизвикува висок ризик за правата и слободите на физичките лица (во натамошниот текст: Известување), начинот на известување на Агенцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Агенција), како и формата и содржината на евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

## ПРОЦЕНКА ЗА ОБРАБОТКА СО ВИСОК РИЗИК
### Член 2

Општина Битола при обработката на личните податоци применува технолошки решенија(софтверски),со кои се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и доверливи за секој што има право и потреба да ги користи.
Затоа се прави проценка,каква е природата на личните податоци кои што ги обработуваме,на пример:име,презиме,телефонски број,адреса на живеење,матичен број, или пак за посебни категории лични податоци кои откриваат:верско,расно,етничко потекло,политички ставови,податоци кои се однесуваат на здравјето,биометриски податоци,сексуална ориентација и сл.

При оваа проценка Општина Битола ги зема во предвид и следниве фактори како:
-број на засегнати субјекти на лични податоци,било да е конкретен или процент од релевантно население,
-обем на податоци и/ или опфат на различни видови податоци што се обработуваат,
-траење или непрекинатост на операциите на обработката,и
-географски опсег на активностите за обработката на личните податоци.

## НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
### Член 3

Општина Битола после проценката дека обработката на личните податоци предизвикува висок ризик, е должна да достави Известување за обработка на лични податоци која предизвикува висок ризик за правата и слободите на физичките лица,а кое известување се доставува во електронска форма преку страницата на АЗЛП,заради евидентирање во евиденција на збирки на лични податоци со висок ризик.

По извршената регистрација на контолорот во системот на евиденција на збирки на лични податоци со висок ризик ги внесува следните податоци:
-Назив на контролорот,
-Општина,
-Населено место,
-Контакт телефон,
-Електронска пошта,
-Веб-страница,
-Одговорно лице,
-Име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци,контакт телефон и електронска пошта на офицерот,податоци и работно место.

По внесувањето на податоците од ставот (1) на овој член, Општина Битола го отпечатува конфирмациското писмо и врши електронско внесување на податоците за збирките на лични податоци со висок ризик преку одбирање на понудените опции или пополнување на податоците за категорија или категории на субјектите на личните податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на нив.
Отпечатеното конфирмациско писмо од ставот (2) на овој член, Општина Битола, го пополнува, заверува со печат и потпишано од функционерот, или од одговорното лице го испраќа веднаш со препорачана пратка до Агенцијата.

**ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО**

**Член 4**

Образецот на Известувањето ги содржи податоците во смисла на член 71 од Законот за заштита на личните податоци и тоа:
(1) Податоци за контролорот
- Правно лице, орган на државната власт, државен орган, правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело
- Назив на контролорот;
- Даночен број;
- Претежна дејност;
- Организациска форма;
- Општина;
- Населено место;
- Контакт-телефон;
- Електронска пошта;
- Факс;
- Веб-страница;
- Одговорно лице;
(2) Име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци;
- Контакт телефон на офицерот на заштита на личните податоци;
- Електронска пошта на офицерот за заштита на личните податоци;
- Работно место или број и датум на договор за ангажирање на офицерот за заштита на личните податоци;
(3)Назив/име на овластениот претставник доколку го има; и

- Седиште/адреса на живеење на овластениот претставник.
(4) Назив на збирката на лични податоци;
(5) Цел или цели на обработката;
(6) Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци;
(7) Опис на категориите на субјектите на личните податоци и на категориите на лични податоци кои се однесуваат на нив;
(8) Категориите на корисници на кои се, или ќе бидат откриени личните податоци, вклучувајќи корисници во трети земји или меѓународни организации;;
(9) Рок на чување на личните податоци, односно предвидените рокови за бришење на различните категории на лични податоци;
(10) Пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација;
(11) Општ опис на преземените технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци; и
(12) Број и датум на проценката на влијанието на заштитата на личните податоци.
При пополнувањето на Образецот од ставот (1) на овој член, делот 1 се пополнува само од страна на контролорот – правно лице од потточката 1.1,
Образецот на Известувањето од ставот (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр. 1).

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ЗБИРКИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК

**Член 5**

(1) Општина Битола како контролор за секоја промена во збирките на лични податоци со висок ризик,содржана во Известувањето, писмено ја известува Агенцијата во рок од 30 дена од денот на настанување на промената.
(2) По приемот на известувањето од ставот (1) на овој член, Агенцијата веднаш ги ажурира податоците содржани во евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.
(3) Општина Битола за секоја промена во делот на контролорот, и на офицерот за заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци, веднаш писмено ја известува Агенцијата.

## ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со објавувањето во службен гласик на Општина Битола.

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

Образец бр. 1 (дел 1)

Врз основа на член 71 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), ____________________________,
назив на контролорот

Ви го доставувам следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за контролорот – правно лице, орган на државната власт, државен орган, правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело** | |
| 1.1 | Назив | |
| 1.2 | Даночен број | |
| 1.3 | Шифра на дејност | |
| 1.4 | Организациска форма | |
| 1.5 | Општина | |
| 1.6 | Населено место | |
| 1.7 | Контакт-телефон | |
| 1.8 | Електронска пошта | |
| 1.9 | Факс | |
| 1.10 | Веб-страница | |
| 1.11 | Одговорно лице | |
| **2.** | **Офицер за заштита на личните податоци** | |
| 2.1 | Име и презиме | |
| 2.2 | Контакт-телефон | |
| 2.3 | Електронска пошта | |
| 2.4 | Работно место или број и датум на договор за ангажирање | |
| **3.** | **Овластен претставник (доколку го има)** | |
| 3.1 | Назив/име | |
| 3.2 | Седиште/адреса на живеење | |
| **4.** | **Назив на збирката на лични податоци со висок ризик** | |
| **5.** | Цел или цели на обработката; | |
| **6.** | Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци | |
| **7.** | Опис на категориите на субјектите на личните податоци и на категориите на лични податоци кои се однесуваат на нив | |
| **8.** | Категориите на корисници на кои се, или ќе бидат откриени личните податоци, вклучувајќи корисници во трети земји или меѓународни организации | |
| **9.** | Рок на чување на личните податоци, односно предвидените рокови за бришење на различните категории на лични податоци | |
| **10.** | Пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација | |
| **11.** | Општ опис на преземените технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци | |
| **12.** | Број и датум на проценката на влијанието на заштитата на личните податоци | |

_____________, ____.____.202___ година
(место) (датум)

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Република Македонија бр.5/02''), и член 66,став (6) од Законот за Заштита на личните податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 '')и Правилникот за начинот на известување на нарушување на безбедноста на личните податоци(,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/20'') , Градоначалникот на Општина Битола донесе,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-848/3
04-07-2023 20 год.
БИТОЛА

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на доставување на Известувањето до Агенцијата за заштита на личните податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци,начинот на известување на субјектите на лични податоци,како и активностите кои што Општина Битола ги превзема при нарушување на безбедноста на личните податоци.Општина Битола е целосно запозната со своите обврски согласно Законот за заштита на личните податоци за законска обработка на личните податоци и за потребата од осигурување дека личните податоци на субјектите се безбедни.Општина Битола има предвидено соодветни политки и процедури за да се осигура дека податоците не се подложни на загуби или која било друга злоупотреба.

**НАРУШУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**Член 2**

Нарушување на личните податоци претставува нарушување на безбедноста што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, промена, неовластено откривање или неовластен пристап до личните податоци, кои се обработени, пренесени или чувани во Општина Битола. Нарушувањето во ваква смисла се идентификува како безбедносен инцидент што влијае на трите безбедносни столбови: доверливоста, интегритетот или достапноста на личните податоци.
Нарушувањето на безбедноста на личните податоци во оваа смисла треба да се сфати пошироко, отколку само како губење на податоците. Примери за нарушување на податоци:
1. Пристап од неовластено трето лице;

2.Активност преземена намерно или од небрежност (или непреземање на активности) од контролорот или обработувачот;

3.Испраќање на лични податоци до погрешен примател;

4.Украдени или изгубени електронски уреди кои содржат лични податоци;

5.Промена на личните податоци без дозвола;

6. Губење на достапноста на личните податоци.

## МЕРКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА НАРУШУВАЊАТА

### Член 3

За навремено откривање на нарушувањата на безбедноста на личните податоци ги спроведуваме следниве мерки:
- на влезот на канцелариите во кои своите задачи ги извршуваат вработените кои се овластени да обработуваат лични податоци е назначено дека ВЛЕЗОТ Е ЗАБРАНЕТ, ОСВЕН ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА
- кон работните единици (компјутерите) на кои се обработуваат личните податоци, пристапот е возможен само преку авторизација со лозинка , со што ќе се оневозможи воопшто вклучување на работната единица од неовластени лица;
- по успешната авторизација со внесување на лозинката на работната единица, за да се пристапи кон софтверот во кој се обработуваат личните податоци, потребно е да се внесе корисничко име и лозинка која се состои од најмалку 7 алфанумерички знаци, од кои најмалку еден е голема буква и специјален знак;

Со цел заштита од злоупотреба на лозинките, самиот софтвер за обработка на личните податоци на период од 90 дена праќа автоматска порака до овластеното лице за промена на лозинката и нема можност овластеното лице да не ја промени лозинката, доколку сака да пристапи до софтверот за обработка на личните податоци.
Дополнително, повторно во насока на заштита од злоупотреба на личните податоци, работната единица преминува во sleep mode, по период на неактивност од 15 минути, по што за повторен пристап се бара автентикација на работната единица, како и автентикација за пристап до софтверот за обработка на личните податоци.
Во случај било која од работните единици да биде компромитирана, ИТ Администраторот има можност да изврши испитување со кое ќе го пронајде изворот или било каква трага од упадот во информацискиот систем на Општина Битола, со цел да се открие дали се загрозени и други елементи.
Општина Битола,има инсталирано заштитен sид и ги има ограничено портите за комуникација само на оние кои се неопходни за програмите да можат нормално да функционираат, а има и антивирусен софтвер кој автоматски се ажурира, со што се обезбедува сигурноста на работните единици и се превенираат упадите.
На работните единици на кои се обработуваат личните податоци е ограничена опцијата за приклучување на преносливите медиуми и исклучен е автоматскиот режим на работа за преносливите медиуми.
Општина Битола,задолжително пропишува и применува технички и организациски мерки во посебен акт во кој се предвидени организациските и техничките мерки преку кои се обезбедува безбедна обработка на личните податоци и врши спроведување и проверка на планираните мерки, а со цел да се обезбеди дека тие се применуваат и тековно се

тестираат. Општина Битола, задолжително спроведува периодични безбедносни проверки предвидени во акциониот план, чија имплементација се следи од страна на раководството на Општина Битола и Офицерот за заштита на личните податоци.

## ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАРУШУВАЊА

### Член 4

Ризикот по слободите и правата на субјектите на лични податоци, може да вклучи материјална или нематеријална штета, како што е дискриминација, кражба на идентитет, измама, финансиска загуба или нарушување на угледот.
При проценка на веројатноста за ризик по правата и слободите на поединецот, Општина Битола најмногу ќе се осврне на:
- Видот на нарушување;
- Видот на личните податоци предмет на нарушување, и што тие податоци претставуваат за субјектот на личните податоци;
- Колку податоци се предмет на нарушување;
- На кого се однесуваат личните податоци, т.е. колку физички лица се вклучени, дали и колку лесно може да се идентификуваат, дали станува збор за податоци за деца, дали станува збор за посебни категории на лични податоци и слично;
- Какви се/какви можат да бидат последиците за субјектите на личните податоци на кои се однесуваат податоците.

## ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Член 5

Во случај да, во Општина Битола се случи нарушување на безбедноста на личните податоци за кои треба да се извести Агенцијата за заштита на личните податоци („**Агенцијата**“), Општина Битола ќе ја извести Агенцијата без непотребно одлагање, а најдоцна во рок од 72 часа од моментот кога дознала за нарушување на безбедноста на личните податоци. Доколку овој рок за известување од било која причина се надмине, а по правило не смее да се надмине, во таков случај Општина Битола во најкус можен рок ќе ја извести Агенцијата за причините.(член 37 од ЗЗЛП)
Ако не е можно да се спроведе целосна истрага за нарушувањето со цел да се дадат целосни детали до Агенцијата во рок од 72 часа, првичното известување ќе се изврши во предвидениот рок, обезбедувајќи што е можно повеќе детали, заедно со причината за нецелосното известување и проценетата временска рамка за целосно известување до надлежниот орган. Првичното известување ќе биде проследено со дополнителна комуникација до Агенцијата за да Општина Битола ги достави преостанатите информации кои се добиени по првичното известување.

## СОДРЖИНА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАРУШУВАЊЕ ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НАЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Член 6

Известувањето мора да ги содржи следниве податоци:

1.Опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги и категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци, како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци;

2.Името, презимето и контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации;

3.Опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста.

4.Датум и време на инцидентот,и

5.Опис на преземените или предложените мерки од страна на Општина Битола во улога на Контролор за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи и соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти.

Покрај овие податоци,според околностите на секој конкретен случај,во известувањето можат да се внесат и следните податоци:

-Датум и време на инцидентот,

-Датум и време на детектирање на инцидентот,

-Услови под кои што е настанато нарушувањето на безбедноста(загуба,кражба и сл.),

-Име презиме на лицата кои констатирале нарушување на безбедноста,

-Дали во инцидентот е вклучен и обработувачот,при што ако е вклучен,се наведуваат и неговите податоци(име презиме,седиште ,адреса на живеење,податоци за офицерот за заштита на лични податоци и др.)

-Дали е информиран офицерот за заштита на лични податоци, и тн.

## СОДРЖИНА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАРУШУВАЊЕ ДО СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Член 6

Известувањето за нарушување на безбедноста на личните податоци, кое Општина Битола го праќа до субјектот на личните податоци, мора да ги содржи следниве податоци:

1.Опис на природата на нарушувањето;

2.Име, презиме и контакт од овластеното лице за заштита на личните податоци, со информација каде може да се добијат повеќе информации;

3.Опис на веројатните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци и

4.Опис на преземените мерки или предложените мерки за справување со нарушувањето на безбедноста и каде што е соодветно, мерките преземени за ублажување на евентуалните негативни ефекти.

Известувањето до субјектот на личните податоци од овој правилник не е задолжително, доколку е исполнет еден од следните услови:
-Општина Битола применило соодветни технички и организациски мерки за заштита и тие мерки биле применети во однос на личните податоци засегнати од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, особено мерки кои што ги прават личните податоци неразбирливи за секое лице кое нема овластување за пристап до нив, како што е криптирањето;

-Општина Битола применило дополнителни мерки кои гарантираат дека веќе не постои веројатност за појавување на висок ризик за правата и слободите на субјектите на личните податоци од оваа политика;

- Ако за известувањето е потребен несразмерен напор. Во таков случај, се врши јавно известување или се применува друга слична мерка со која субјектите на личните податоци ќе бидат подеднакво информирани на ефикасен начин.

## АКТИВНОСТИ НА КОНТРОЛОРОТ
### Член 7

Општина Битола како контролор е должна детално да го документира нарушувањето на безбедноста на личните податоци,како и да воспостави внатрешен процес на евидентирање на нарушувањата на безбедноста,без оглед дали ќе биде потребно да се извести Агенцијата според прописите за заштита на личните податоци.

Процесот на евидентирање ги содржи следните податоци за.

-природата(факти и причини)за нарушувањето на безбедноста,

-категориите и приближниот број на засегнати субјекти на лични податоци,

-вклученоста и улогата на обработувачот при нарушувањето на безбедноста,

-ефектите и последиците предизвикани од нарушувањето,

-преземените мерки за справување со нарушувањето на безбедноста,

-и други информации што ќе му овозможат на Агенцијата да ја провери усогласеноста на контролорот со прописите за заштита на лични податоци.

Офицерот за заштита на лични податоци задолжително треба да биде информиран и вклучен во целиот процес на управување и известување за нарушувањето на безбедноста на личните податоци преку давање совети и следење на усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци при нарушувањето на безбедноста на личните податоци,како и за секоја последователно истражување од страна на Агенцијата.

## ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Битола.

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

Образец бр. 1

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за нарушување на безбедноста на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци (се доставува на: incident@privacy.mk или https://eprijavi.privacy.mk/)**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на контролорот | |
| 2. | Опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи, категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци, како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци | |
| 3. | Име, презиме и контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации | |
| 4. | Опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 5. | Опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти | |
| 6. | Датум и време на инцидентот (доколку се знае, во спротивно може да се направи процена) | |
| 7. | Датум и време на детектирање на инцидентот | |
| 8. | Услови под кои што е настанато нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 9. | Име, презиме и потпис на лицата кои констатирале нарушување на безбедноста на личните податоци | |
| 10. | Дали во инцидентот е вклучен и обработувачот, при што ако е вклучен, се наведуваат и неговите податоци (назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење, податоци за офицерот за заштита на личните податоци и други контакт податоци) | |
| 11. | Дали е информиран офицерот за заштита на личните податоци на контролорот за нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 12. | Оценка/мислење од офицерот за заштита на личните податоци преку преземени или предложени мерки за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 13. | Сумарен преглед на нарушувањето на безбедноста на личните податоци (вклучително физичка локација и медиум на кој се складирани податоците) | |
| 14. | Статистички податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци, односно констатирање дали инцидентот првпат се појавува | |
| 15. | Известување до субјектот на личните податоци – ДА/НЕ | |
| 16. | Содржина на известувањето до засегнатите субјекти на лични податоци | |
| 17. | Комуникациска технологија преку која е испратено известувањето | |
| 18. | Број на субјекти на лични податоци што се известени | |
| 19. | Други податоци на контролорот, доколку ги има за настанатиот случај | |

_______________, ____.____.202___ година

(место) (датум)

Име, презиме и потпис на функционерот, односно одговорното лице во Контролорот

______________________________

Образец бр. 2

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**на субјектот на личните податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Природа на нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 2. | Име, презиме и контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации | |
| 3. | Опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |
| 4. | Опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти | |
| 5. | Датум и време на инцидентот (доколку се знае) | |
| 6. | Причина поради која дошло до нарушување на безбедноста на личните податоци | |
| 7. | Услови под кои што е настанато нарушувањето на безбедноста на личните податоци | |

_______________, ____.____.202___ година

(место) (датум)

Име, презиме и потпис на

функционерот, односно одговорното лице во Контролорот

______________________________

Прилог бр. 1

**Дијаграм за активностите на контролорот кои ги презема за нарушување на безбедноста на личните податоци**



# ПОЛИТИКА ЗА СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 08-953/1
04.09 2023 год.
БИТОЛА

**1. Вовед**

Согласно законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на РСМ, бр. 122 од 12.5.2020 година), Општина Битола пристапи кон воспоставување на систем за заштита на личните податоци.

**2. Дефиниции и поими**

Одделни изрази употребени во Политиката за систем за заштита на личните податоци согласно законот го имаат следново значење:

1. „Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице;

2. „Обработка на личните податоци" е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

3. „Ограничување на обработката на личните податоци" е означување на личните податоци кои се чуваат, а со цел ограничување на нивната обработка во иднина;

4. „Профилирање" е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување на аспекти кои се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење;

5. „Псевдонимизација" е обработка на личните податоци на таков начин што личните податоци не можат повеќе да се поврзат со одреден субјект на лични податоци без да се користат дополнителни информации, под услов таквите дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки со кои ќе се обезбеди дека личните податоци не се поврзани со идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува;

6. „Збирка на лични податоци" е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

7. „Контролор" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

8. „Обработувач на збирка на лични податоци" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

9. „Корисник" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка;

10. „Трето лице" е секое физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач или лице, кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да ги обработува податоците;

11. „Согласност" на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци;

12. „Нарушување на безбедност на личните податоци" е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат;

13. „Посебни категории на лични податоци" се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице;

14. „Генетски податоци" се лични податоци поврзани со генетските карактеристики на физичкото лице кои се наследени или стекнати, а кои откриваат единствена информација за неговата физиологија или здравје, која особено се добива со анализа на биолошки примерок од тоа физичко лице;

15. „Биометриски податоци" се лични податоци кои се добиваат преку специфична техничка обработка на физичките и физиолошките карактеристики на физичкото лице или карактеристики на неговото однесување, а преку кои се овозможува или потврдува единствената идентификација на физичкото лице;

16. „Податоци што се однесуваат на здравјето" се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје;

17. „Претставник" е физичко или правно лице основано во Република Северна Македонија, кое е определено од страна на контролорот или обработувачот кој не е основан во Република Северна Македонија со цел да го претставува контролорот, односно обработувачот во врска со неговите обврски кои произлегуваат од овој закон, при што претставникот се определува во писмена форма во согласност со членот 31 од Законот за заштита на личните податоци;

18. „Задолжителни корпоративни правила" се политики за заштита на личните податоци кои се почитуваат од страна на контролорот или обработувачот основан на територијата на Република Северна Македонија, при пренос или серија на преноси на лични податоци од Република Македонија до контролор или обработувач во една или повеќе трети земји во рамките на група на друштва (поврзани друштва) или група на правни лица кои вршат заедничка економска дејност;

19. „Икона" е визуелен приказ на веќе инсталирана апликација или софтверска програма во информациско - комуникациски систем кој го користи субјектот на личните податоци и е разбирлива за корисникот на системот.

Одделни изрази употребени во Политиката за системот за заштита на личните податоци согласно правилникот го имаат следново значење:

1. „Доверливост" е пристап до личните податоци единствено од лица кои имаат овластување за нивна обработка од страна на контролорот;

2. „Интегритет" е заштита на точноста на личните податоци, при што се гарантира дека личните податоци се точни, целосни и ажурирани;

3. „Достапност" е непречен пристап и континуирана расположливост (business continuity) на информацискиот систем на кој се врши обработка на личните податоци од страна на овластените лица;

4. „Автентикација" е постапка која што овозможува потврдување на идентитетот на овластеното лице кое се најавува и пристапува на информацискиот систем на кој се врши обработка на личните податоци;

5. „Неотповикливост" е обезбедување на потврда на автентичноста на идентитетот на овластеното лице кое се најавува на информацискиот систем при што овластеното лице не може да ја негира преземената активност или дејствие;

6. „Безбедносен ризик" е веројатност на случување на настан кој може да резултира со компромитирање, особено случајно или незаконско уништување, губење, менување,

неовластено откривање на личните податоци, или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци;

7. „Управување со ризик" е идентификација, оценка и негова класификација, која опфаќа координирана примена на ресурси на контролорот за минимизирање, набљудување и контрола на веројатноста и сериозноста која што може да произлезе при обработката на личните податоци, а која може да предизвика материјална или нематеријална штета врз процесите со кои се врши обработка на личните податоци;

8. „Систем за заштита на личните податоци" е збир од документирани политики, кодекси на практика, насоки, процедури и работни инструкции донесени од страна на контролорот, а кои се во функција на спроведување на техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци;

9. „Авторизиран пристап" е овластување доделено на овластеното лице за обработка на личните податоци, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории на контролорот;

10. „Администратор на информацискиот систем" е лице овластено за планирање и за применување на технички и организациски мерки, како и за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци;

11. „Документ" е секој запис кој содржи лични податоци и истиот може да биде во електронска или хартиена форма, да се чува на медиум и во информатичко комуникациската опрема која се користи за обработка на податоците, да се доставува преку пошта или да се пренесува преку електронско комуникациска мрежа;

12. „Информатичка инфраструктура" е целата информатичко комуникациска опрема на контролорот, во рамките на која се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;

13. „Информациски систем" е систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги користи;

14. „Инцидент" е секоја аномалија која влијае или може да влијае на тајноста и заштитата на личните податоци;

15. „Контрола на пристап" е операција за доделување на пристап до личните податоци или до информатичко комуникациската опрема со цел проверка на овластеното лице;

16. „Овластено лице" е лице вработено или ангажирано кај контролорот кое има авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникациската опрема на кои се обработуваат лични податоци;

17. „Лозинка" е доверлива информација составена од множество на карактери кои се користат за проверка и автентикација на овластеното лице;

18. „Колаче (cookie)" е информација која што се креира и испраќа од веб-серверот до веб пребарувачот, а која потоа се испраќа назад, како непроменета информација од веб-пребарувачот секогаш кога повторно ќе се пристапи до веб-серверот кој ја креирал информацијата;

19. „Работна станица" е секој уред (десктоп, лаптоп) кој поврзан во мрежа претставува дел од опремата на контролорот, а на кој, односно со кој се врши обработка на личните податоци во информацискиот систем;

Политика за систем за заштита на личните податоци

20. „Медиум" е физички уред кој се користи при обработка на личните податоци во информацискиот систем, на кој податоците можат да бидат снимени или од кој истите можат да бидат повторно вратени; и

21. „Сигурносна копија" е копија на личните податоци содржани во електронските документи, кои се зачувани на медиум за да се овозможи нивно повторно враќање.

**3. Законитост**

**3.1. Систем за заштита на личните податоци**

Согласно најновите технолошки достигнувања, трошоците за спроведување и природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различен степен на веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица, произлегува должноста на контролорот да воспостави систем за заштита на личните податоци преку примена на соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди ниво на безбедност соодветно на ризикот.

Техничките и организациските мерки, особено опфаќаат:

-Псевдонимизација и криптирање на личните податоци;

- Способност за обезбедување на континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на информацискиот систем за обработка;

-Способност за навремено, повторно воспоставување на достапноста до личните податоци и пристапот до нив во случај на физички или технички инцидент; и

-Процес на редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел да се гарантира безбедноста на обработката

**4.Збирки на лични податоци**

**4.1.Во Општина Битола се обработува следниве збирки и категории на лични податоци по Сектори:**

**4.1.1 Сектор за правно -норамтивни,административни и општи работи**

-Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Социјален статус,
-Тековна состојба
-Имотен лист

Од посебните категории на лични податоци,контролорот соглсно Законот за заштита на лични податоци во овој сектор ги обработува податоците кои што се однесуваат на здравствената состојба и припадноста на задниците.

**Збирки на податоци:**

1.Поднесени преставки и предлози,
2.Барање за прием кај Градоначалникот,
3.Барање за финансиска помош од Градоначалник и Комисија на Совет на Општина Битола,
4.Избрани членови на Советот.
5.Интегриран ГИС систем и систем за електронски постапки.
(Закон за локална самоуправа,Изборен закон,Закон за постапување по преставки и предлози)

**4.1.2 Сектор за Финасиски прашања**
-Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Социјален статус,
-Тековна состојба
-Имотен лист
Од посебните категории на лични податоци,контролорот соглсно Законот за заштита на лични податоци во овој сектор ги обработува податоците кои што се однесуваат на здравствената состојба и синдикална припадност.
**Збирки на податоци:**
1.Матична евиденција на даночни обврзници,
2.Евиденција за обврзници на персонален данок,
3.Евиденција за пресметка на плата,
4.Доделување на парична помош од Градоначалник и Комисија на Советот на Општина Битола.
5.Евиденција и решенија на данок на имот.
6.Евиденција и решенија за фирмарина.
7.Договори за право на пренос на сопственост.
(Законот за локална самоуправа,Закон за данок на имот,Закон за комунална такса,Закон за персонален данок,Закон за работни односи,Закон за Административни службеници).
**4.1.3 Сектор за спроведување на урбанистички планови,Урбанистичко планирање и заштита на животната средина,Комунални дејности и уредување на градежно земјиште.**
-Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Тековна состојба
-Имотен лист
**Збирки на податоци:**
1.Евиденција на издадени одобренија за градба,
2.Евиденција за вклопување на бесправно изградени објекти,
3.Пресметка на надоместокот за комунално уредување,
4.Издавање на уверение за куќен број,
4.Издадени приклучоци на објекти до главна инфраструктура,
5.Издадени решенија за одобрување на елеборат за заштита на животната средина,
6.Издавање на дозволи за усогласување со оперативен план и ,,Б" интегрирана еколошка дозвола.
(Закон за локална самоуправа,Закон за градба,Закон за урбанистичко планирање,Закон за постапување со бесправно изградени објекти,Закон за комунални дејности,Закон за градежно земјиште)
**4.1.4. Сектор за Економски развој и јавни дејности**
Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,

-Социјален статус,
-Тековна состојба
-Имотен лист
**Збирки на податоци:**
1.Пријави за учество на манифестации,
2.Евиденција на склучени договори од областа на културата,
3.Лица со попреченост.
4.Здруженија на граѓани,
5.Евиденција на првоодделенци.
6.Листа на категоризирани објекти до 20 лица.
(Закон за локална самоуправа,Закон за култура,Закон за спорт,Закон за социјална заштита,Закон за образование,Закон за туризам)

**4.1.5.Сектор Општински инспекторат**
Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Тековна состојба
-Имотен лист
**Збирки на податоци:**
1.Поднесоци(пријави,барања,изјави),
2.Донесени управни акти,
3.Издадени лиценци
(Закон за локална самоуправа,Закон за градба,Закон за постапување со бесправно изградени објекти,Закон за комунални дејности,Закон за данок на имот,Закон за комунална такса,Закон за јавни патишта,Закон за патен сообраќај,Закон за јавна чистота,Закон за домување,Закон за Инспекциски надзор,Закон за заштита на животната средина)
**4.1.6 Сектор внатрешна ревизија**
- Име и презиме,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Тековна состојба
-Имотен лист
**Збирки на податоци:**
1.Извршена внатрешна ревизија,
(Закон за локална самоуправа,Закон за внатрешна ревизија,Закон за јавна внатрешна финасиска контрола)
**4.1.7 Одделение за управување со човечки ресурси**
-Име и презиме,
-Број на лична карта,
-Матичен број,
-Адреса на живеење,
-Контакт информации-електронски(пр.број на телефон или факс,e-mail,адреса)
-Број на трансакциона сметка,
-Број на здравствена легитимација,

Од посебните категории на податоци,одделението согласно законот за заштита на лични податоци ги обработува и податоците кои што се однесуваат на здраствената состојба,припадност на заедниците и синдикалната припадност.

**Збирки на податоци:**

1.Евинција на вработени,

2.Решенија за плати на вработени,унапредување,дициплински постапки,обуки.

3.Изјави за судир на интереси

4.ДС обрасци,

5.Решенија за плати на вработените

(Закон за локална самоуправа,Закон за работни односи ,Закон за административни службеници,Закон за данок на имот,Закон за здравствена заштита)

**5. Рокови за чување на личните податоци**

Согласно Закон за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2004, 102/2008, 17/2011, 166/2012, 11/2013 и 147/2015), и согласно Законот за архивски материјал и подзаконските акти за канцелариско и архивско работење, роковите за чување и бришење, односно уништување на личните податоци се следни:

1. Личните податоци кои се однесуваат на водење на евиденција на вработените се чуваат 45 години, додека податоците за поведена дисциплинска постапка, материјална одговорност и поведена прекршочна или кривична постапка се чуваат 3 години.

2. Личните податоци кои се однесуваат на водење на евиденција на плати на вработените се чуваат трајно.

**6. Безбедност на обработката на личните податоци**

**6.1. Технички и организациски мерки**

Опшштина Битола применува технички и организациски мерки кои се класифицираат на три нивоа:

- Основно ниво,
-Средно ниво и
- Високо ниво.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно ниво.

За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно и средно ниво.

За документите кои се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, а содржат посебни категории на лични податоци и/или матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво."

Техничките и организациските мерки се пропишани во Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**7. Поделба на должности и одговорности**

Согласно оваа Политика во рамките на работењето, а со цел обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци, Градоначалникот на Општина Битола ги усвојува документите кои се од областа на заштитата на личните податоци и тоа:

- Политика за систем за заштита на личните податоци;
- Правилник за безбедност на обработката на личните податоци во Општина Битола;
- Анализа на целите за поставување на видео надзор во Општина Битола;
-Изјава за приватност при вршење на видео надзор во Општина Битола;
-Правилник за начинот на вршење на видео надзор во Општина Битола;
-Правилник за известување за обработка на лични податоци со висок ризик во Општина Битола;
